**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петтото продолжение на Триесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 март 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 11,32 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го достават бројот на присутните пратеници.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Продолжуваме со работа по Триесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи. Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупу, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Весна Јаневска, Флора Кадри, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Влатко Серафимов, Лазар Китановски, Јани Макрадули, Владо Бучковски, Радмила Шекеринска, Илинка Митрева, Оливер Шамбовски, Фијат Цановски, Славица Грковска и Ѓорѓи Оровчанец ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека во салата имаме доволен број на пратеници за да можеме да носиме полноважни одлуки.

**Продолжуваме со работа по точка 15 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, со Предлог на закон.**

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници, гласале 59, за гласале 52 воздржани нема, против 7 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувма да гласаме.

Од присутни 63 пратеници гласале 62, за гласале 51, воздржани нема, против 11.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за додавање нов член 11 по членот 10, за додавање нов член 14 по членот 13 и за пренумерација на член 14 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Кире Гештаковски, Весна Бендевска и Верица Филипова поднесоа амандмани за менвуање на член 1, за менување на член 2, за менување на член 3, за бришење на член 4, за бришење на член 5 и за бришење на членовите 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Весна Јаневска, Марјан Додовски и Валентина Божиновска поднесоа амандмани на член 5, за менување на став 1 и за менување на член 6 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Роаза Топузова Кревска и Слободан Најдовски поднесоа амандман за бришење на член 10 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Поповски поднесе замандман за додавање нов член 13-а по членот 13, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1 поднесен од пратениците Кире Гештаковски, Весна Бендевска и Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата заменикот министер за здравство, господинот Владимир Лазаревиќ.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа,

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Кире Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине претседателе, почитуван господине заменик минситер, почитувани колеги пратеници,

Амандманот за менување на член 1 од предложениот текст на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување го дадовме со две цели.

Првата цел е да се избрише членот 1 односно да не се дозволи Фондот за здравствено осигурување да стане купувач на здравствени услуги, бидејки од широката расправа, кога расправавме по Предлог законот кажавме дека сеуште не се исполнети клучните услови за Фондот да стане вистински купувач на здравствените услуги.

Сега само на кратко, бидејки пошироко излагање имав кога се дискутираше по Предлог законот, зошто Фондот за здравствено осигурување не може да стане вистински купувач на здравствените услуги, како што навистина е купувач на здравствените услуги во фармацевтската односно аптекарската дејност каде што се исполнети останатите услови.

Главен услов Фондот да стане купувач на здравствените услуги е да се донесе нов основен пакет на здравствени услуги, кој основен пакет мора да биде многу ресетриктивен за да се

обезбедат средства за Фондот да стане вистински купувач.

За да се купи било што потребно е да се исполнат неколку елементи. Најпрвин треба да се има пари за да се купи некоја услуга. Второ, треба да се знае што се купува, од кого се купува, во каков обем се купува и за колку пари се купува. Ни еден од овие услови сега не се созреани и затоа Фондот за здравствено осигурување може само формално односно со декрет, со парола кажано дека е купувач, а во стварност не ќе може да биде вистински купувач на здравствените услуги.

Втор критериум кој треба да се исполни за Фондот да стане купувач на здравствените услуги е да се исцрта медицинската мапа на здравствените организации во Република Македонија, па да знаеме да речеме Здравствен дом во Струга или Болницата во Струга, или во Охрид, или во Ресен, што Фондот бара од секое одделение да купу, во каков облик ќе го купи и по која цена ќе го купи, што и на кое ниво на здравствена заштита, примарна, секундарна или терцијална, Фондот за здравствено осигурување е подготвен да купува.

Исто така, не се спроведени и пред една година спроведените доктринарни вештини или таканаречената медицина заснована на докази. Што тоа подразбира?

Кога ќе се применат тие доктринарни вештини, секоја дијагноза на било кое ниво на здравствена заштита ќе биде третирано по дијагноза и по терапија, секаде подеднакво, ќе се знае за одредена болест што треба да се примени, ќе се знае за одредена болест колку болнички денови ќе бидат потребни и дури тогаш Фондот за здравствено осигурување ќе може да биде купувач на здравствените услуги.

И на крајот, Фондот навистина да стане купувач на здравствени услуги, треба да има една виситнска и целосна компјутеризација на здравствениот систем односно сите здравствени организации да бидат компјутерски поврзани со главните компјутерски центри кои ќе бидат сместени во Фондот за здравствено осигурување и во Министерството за здравство, за да се знае што се купува, од каде се купува и дали се исполнети сите предуслови за плаќање на таа здравствена услуга. Додека овие работи не се спроведат, Фондот нема да може да стане купувач на здравствените услуги, како што навистина сега е во аптекарската дејност.

Другиот мотив за поднесување на овој амандман каде предлагаме измена на членот 1, е исправување на грешката која ја има направено Владата на ВМРО-ДПМНЕ во 2000 година, кога воведе партиципација за децата до 18 годишна возраст и за старите луѓе над 65 годишна возраст. До тогаш целокупното нивно лекување беше бесплатно, а после 2000 година, со измените на Законот за здравствено осигурување, почна да се плаќа партиципација за децата до 18 годишна возраст и за возрасните над 65 години, во делот на секундарно-консултативната дејност, специјалистичката и болничката дејност. Тогаш се отфрлија и многу болести, по однос на болест ослободени здравствени осигуреници кои до тогаш не плаќаа за извршените здравствени услуги во овие сфери односно во секундарното итерцијалното здравство и за издавање на секој рецепт од позитивната листа.

Мислиме дека вложувањето во здравството и во образованието секогаш ќе придонесе за поефикасно здравство. Зошто го велам ова? Тоа го кажувам затоа што само здрав и образован човек може да произведува. Имаме случаи во високо развиените земји каде за неколку проценти се зголемува порастот на производството само ако се регулираат проблемите во здравството и во образованието. Затоа предлагаме болните од кардиоваскуларни заболувања, посебно од инфарктни и постинфарктни состојби и лекувањето на хипертензијата односно зголемениот крвен притисок кои денес, да не заборавиме, во Република Македонија ги има на стотици илјади, ако се лечат бесплатно односно, бидејќи ја знаеме каква е социјалната состојба во Република Македонија, тие не можат да одвојуваат доволно средства за редовни контроли и за редовно земање на терапијата. Затоа ако им овозможиме бесплатно да се лекуваат, верувајте ми дека во Фондот за здравствено осигурување, на крајот финансискиот ефект ќе биде поголем, бидејќи тие ќе бидат способни за работа, ќе одат редовно на работа, нема постојано да бидат на боледување, нема да се појавуваат разни компликации како последица на основната болест и финансискиот ефект на Фондт за здравство ќе биде поголем. Затоа предлагаме и овие болни од кардиоваскуларни заболувања да бидат ослободени од партиципација.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министер.

Сега е веќе јасно дека коалиционата Влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ пред ова Собрание нуди Предлог-закон за измена и дополнување на Законот за здравствено осигурување и тоа е уште еден доказ за безидејноста и немањето политички капацитет оваа Влада да спроведува вистински реформи во здравството.

Јас ве молам господине претседателе да створите услови за работа на ова Собрание.

Господине заменик министер, Владата не го прифаќа амандманот со кој се обидуваме значи Фондот да не биде дефиниран проформа како купувач на здравствени услуги и нема да се обидувам повторно да елаборирам, бидејќи колегата Гештаковски мошне широко и мошне опстојно елаборираше зошто Фондот не може во овој момент да биде дефиниран како законско решение како купувач на здравствени услуги. Повторно ќе се повикам на предизборните ветувања во предизборната кампања, програма на ВМРО-ДПМНЕ наречена “Преродба во 100 чекори”. ВМРО-ДПМНЕ во својата Програма на граѓаните на Република Македонија им вети дека

ќе им обезбеди здравствен систем во функција на граѓаните на оваа земја. Тие ветија дека ќе создадат подобар здравствен систем во кој сите граѓани ќе имаат еднакви права и одговорност. А во поглед на квалитетот на услугите господине заменик министер, ВМРО-ДПМНЕ вети посебна грижа за здравјето на деца и млади до 18 години и лица постари од 65 години. И вие ќе мора да елаборирате зошто овој амандман кој бара токму вашето ветување да го спроведете во ова законско решение, вие го одбивате.

Има и нешто друго. Ќе мора да одговорите, дали коалиционата Влада предводена од господинот Груевски е во криза? За жал, тука не гледам претставници од НСДП кои ваквите заложби ги имаа во својата предизборна кампања. Токму од нив очекувам силна поддршка на овој амандман. Значи, од партиципација за здравствено осигурување да бидат ослободени не само децата и младите до 18 години, туку и лицата постари од 65 години. Законско решение кое токму Владата на ВМРО-ДПМНЕ го укина во текот на 2000-та година.

Почитувани колеги пратеници, без оглед на вашето политичко убедување, без оглед на вашата политичка припадност имате ли сила, имате ли доблест да гласате во интерес на граѓаните на Република Македонија? Тоа ќе го покажете токму кога за некоја минута ќе гласате околу овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика Јован Гинев.

**Јован Гинев:** Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници. Накратко сакам да му реплицирам на колегата Гештаковски кој искажа и конструктивни дискусии по однос на овој член од Законот. Се согласувам со констатацијата на господинот Гештаковски дека потребно е да се воведе доктринарно здравство, или протокол во јавните здравствени организации по различните дисциплини. Меѓутоа го прашувам воедно, тие имаа шанса повеќе од 10 години да го воведат овој дел од реформите на здравството. И прашувам, зошто тие не воведоа доктринарно здравство и протоколи како што тој сега денеска ги кажува дека треба прво тие да ги има, а потоа да се купуваат здравствените услуги. Ние мораме да почнеме од нешто. Значи, ова е реформски закон кој што ќе започне со овие реформи. Нашите грешки ќе ги корегираме во тек. Значи, за да ставиме крај на недомаќинското работење во јавното здравство. Сите ревизии до сега докажаа дека работењето во јавното здравство на претходната Влада е криминогено.

**Љубиша Георгиевски:** Една миута контра реплика господинот Кире Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Му благодарам на мојот ценет колега за репликата што ми ја постави. Сакам да му кажам дека никгоаш паушално не зборувам, никогаш не зборувам со пароли. Владата на СДСМ ги донесе доктринарните вештини, ги промовира во април, крајот на април и почетокот на мај минатата година. Скоро година дена сега поминува. Еве, оваа Влада е веќе девет месеци и не најде за сходно барем да ги проследи до јавните здравствени организации и комплетно да се спроведат тие доктринарни вештини. Таа работа беше макотрпна.Три години работеа 500 експерти од здравството, напишаа 7000 страници доктринарни вештини во сите области и беа завршени во април минатата година. Сакам да ми одговори сега мојот ценет колега, зошто тоа не е направено?

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално, Цветко Грозданов.

**Цветко Грозданов:** Благодарам господине претседателе. Би сакал само да апелирам до пратеничката Весна Бендевска да не се служи со лаги и да не се служи со клевети, подобро е да се осврне назад, па ќе види дека има претставници од НСДП. Едноставно тоа дава лошо видување во македонската јавност. Значи, тоа не е вистина.

**Љубиша Георгиевски:** Јас треба да кажам дека ова повеќе личи на реплика. Требаше да се пријавите за реплика.

Госпоѓа Весна Бендевска има право да одговори, затоа што е апострофирана.

**Весна Бендевска:** Јас најпрво ќе замолам камерата да го покаже местото обезбедено за пратениците од НСДП.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа исто не е реплика.

**Весна Бендевска:** Јас ве молам, вие го воведовте тој принцип врз база на барањето на почитуваниот Владимир Ѓорчев и барам принципот на еднаквост да го задржите и за моето барање.

**Љубиша Георгиевски:** Јас го воведов тој принцип, тој е одличен принцип. Врз основа на тој принцип ова Собрание функционира 14 години со директни преноси и немам ништо против, нека снима камера.

**Весна Бендевска:** Па сите знаеме дека почитуваната Куновска веќе ја прогласи својата независност од НСДП.

**Љубиша Георгиевски:** Овде кај мене на дисплеј се госпоѓа Верица Филипова, Оливер Спасовски, Борис Кондарко и Јагнула Куновска.

Кој од нив е за реплика?

Процедурално има господинот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Почитуван претседателе, како најодговорни во Собранието на Република Македонија согласно члено 56 став 1 алинеја 2, да се грижите за примена на Деловникот и да давате појаснување во врска со неговата примена, мислам дека овој пат навистина правиме театар од Парламентот, навистина дозволуваме да работиме вон од она што е пропишано со Деловникот и во смисла на давање на реплики и во смисла на процедурални забелешки. Така што мојата реакција е на два члена од Деловникот каде што се повредени директно. Прво, членот 85, пратеникот кој сака да говори за повреда, или неправилна примена на Деловникот претседателот му дава збор штом ќе

побара збор, говорот на овој пратеник не може да трае подолго од три минути. Не можеме да даваме збор да се реплицира дека тоа е “деловничка интервенција” или процедурална интервенција. Тоа го сторивте господине претседателе со господинот Грозданов Цветко.

Втора работа, дадовте реплика на говор на господинот Кире Гештаковски и после вториот говор кој што беше од страна на пратеничката Весна Бендевска. И тука го прекршивте Деловникот на Собранието на Република Македонија во смисла на членот 86 кој вели: На пратеникот кој побарал збор да исправи неточно пренесен навод, или навод што предизвикал недоразбирање или потреба од лично дообјаснување, претседателот ќе му даде збор, реплика кога говорот ќе го заврши оној кој ја предизвикал потребата од исправката. Во говорот пратеникот мора да се ограничи на исправката односно на личното дообјаснување и тоа не може да трае подолго од три минути. Тоа не го сторивте господине претседателе. После говорот на госпоѓа Весна Бендевска дадовте збор за реплика на господинот Кире Гештаковски кој говореше претходно. Ќе ве молам, да го почитувате Деловникот како највисок правен акт во Собранието за што сте задолжени и да работиме онака како што треба по процедурата.

**Љубиша Георгиевски:** Дел од вашите забелешки фаќаат место. Меѓутоа, сакам едно да кажам дека мојот главен однос кон нашите седници има благ либерализам. Ако треба да го заостриме, за тоа ќе се договориме и ќе го заостриме. Но, сакам да ви кажам едно, во овие размени на реплики многу брзи што се случија во Парламентот немаше подолг збор од 15 секунди, а не од три минути. Тоа не е точно. Точно е едно дека пратеникот Гинев побара реплика и репликата не се однесуваше на последниот говорник и точно е тоа дека е прекршок. Но, јас екс анте не знаев за кого ќе реплицира, а екс пост го предупредив дека тоа е повеќе реплика за првиот говорник одколку вториот, што вие можеби и сте го испуштиле од вид. Го предупредив, ама екс пост, се разбира. Јас однапред не можам да знам дали вашата процедурална најава, односно најава за процедурална интервенција ќе биде процедуралан де факто, или реплика. Тоа постојано се повторува и тука признавам тоа не е во ред. Но, немаме уште механизам. Имаме механизам, тој механизам гласи вака: По кој член од Правилникот вие ќе доставите процедурална забелешка. Па пратеникот ќе каже: По член 56, 57 и 58 во кои влегува се, односно тука се ингеренциите на претседателот. Тој театар е доста банален. Се соглсувам со вас дека тоа треба да се прецизира. Ја примам не иронично забелешката на мојот пријател господинот Пенов дека со новиот деловник треба и тоа да се фиксира.

Сега предлагам да продолжиме. Од овие тројцата преостанати, има ли уште некој процедурално? Ако нема, тогаш нека се јави тој што е за реплика од овие три имиња госпоѓа Верица Филиповска, Борис Кондарко и Јагнула Куновска.

Госпоѓа Куновска вие што барате, процедурално или реплика? Ако сте биле спомнати, имате право на реплика.

**Јагнула Куновска:** Сега не знам како да именувам, дали е процедурално, или е реплика. Меѓутоа, на мојата драга колешка Бендевска да и се заблагодарам што како мој портпарол се јави и во мое име , не ме извести, барем да ме известеше дека ќе ме прогласи за независен пратеник.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете госпоѓо Верица Филипова, имате збор.

**Верица Филипова:** Сепак, јас би замолила достоинството на Парламентот да го вратите претседателе и да го почитувате. Ова не е театар. Со сета почит кон вас како режисер, сепак направивте од нашиот Парламент театар, а можеби и циркус, уште пожално, а можеби и циркус од сите досегашни начини денешната седница како ја водите.

Како еден од предлагачите на овој амандман се јавив за дискусија да кажам, да повторам. Еве коментираат пратениците од парламентарното мнозинство, во циркус немало тишина. Значи прифаќаат дека ова е циркус.

Како еден од предлагачите на овој амандман се јавувам да повторам тоа што беше и до сега кажано, дека до 2000-та година имаше бесплатно здравство за децата до 18 години и за старите лица над 65 години. Во 2000-та година Владата на Љубчо Георгиевски го укина бесплатното здравство кое со овој амандман пратеничката група на СДСМ посебно поднесувачите на амандманот предлагаме да се врати. Исто така, до 2000-та година стотина болести беа бесплатно лекувани. Едни од тие се инфарктите и кардиоваскуларните проблеми кои предлагаме повторно според статистиките, бидејќи според статистиките во Македонија најголема причина за смртност на населението се овие проблеми, бесплатно да се лекуваат. Впрочем и во Програмата, предизборната Програма на ВМРО-ДПМНЕ, сите знаеме како се викаше беше нешто слично ветено на страна 89 од Програмата “Во 100 чекори” токму ова го пишува, токму истото кое ние го пишавме во нашиот амандман. Јас мислев дека во досегашните реплики некои од пратениците, или барем од идеолозите на таа партија, или од пишувачите, или учесниците во таа Програма ќе се јави и ќе каже и ќе образложи на нашиот народ и на гласачите зошто едно е напишано во Програмата, а друго се спроведува на дело. Или пак планираат како многу пати до сега повторно да се промени овој закон и да го исполнат ветувањето. Да ни достават дополнителен Предлог на дополнување на Законот за здравствено осигурување во кое ќе го исполнат ветувањето од страна 89, од Програмата во 100 чекори, токму како што е нашиот амандман. Со иститите зборови, цитирам: “бесплатно здравство за деца до 18 години, за

возрасни лица над 65 години, ќе ги спроведе ВМРО-ДПМНЕ ако ги добие изборите и ако формира влада. Тоа го имате, а не го исполнувате. Зошто? Нашиот народ очекува одговор кои се причините, дали нема пари во Фондот за здравство доволно, дали не сте ја знаеле состојбата во државата, дали сте сакале само да ги добиете изборите, да гласаат за вас, а потоа што било не важи, пу пу не важи, како викаат.

Јас мислев дека и претставникот на Министерството за здравство заменик министерот е овде и тој ќе каже кои се мотивите зошто ова не се прифаќа. Треба барем да се има малку доблест и чесност и да се каже дека тоа што пишува не важи, не може да се исполни поради тоа, тоа и тоа. Или пак треба да очекуваме пратениците од парламентарното мнозинство кои веројатно ја знаат на памет таа програма во предизборната кампања, веројатно имаат слично ветување на народот дека ќе гласаат за овој амандман, дека ќе гласаат позитивно и заради тоа не се јавуваат за дискусија. Чесно и искрено е за овој амандман да се каже ќе се гласа ли од парламентарното мнозинство, ќе биде ли изгласан, за да бидеме искрени спрема гласачите.

Повторно повторувам сето ова до 2000-та година го имаше македонскиот народ. Повторно повторувам, сето ова во 2000-та година беше укинато од Владата на Љубчо Георгиевски, а беше во предизборјето ветено од страна на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, сегашен премиер на Република Македонија Никола Груевски.

Можеби нашето зборување оди во празно, можеби не допира до пратениците или до претставниците од Министерството за здравство. Многу жалам што е така, народот слуша, народот гледа Собраниски канал, народот верувам дека следи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Кондарко, ќе ми дозволете ли да ве прекинам, морам во 12,20 часот, сега е 12,16 часот, подобро е сега да дадам пауза од половина час заради тоа што имам протоколарна обврска, а потпретседателите се оправдано отсутни, а треба амбасадорот на Авганистан да го примам.

Значи ќе одберете ли сега да почнете, па за три минути да имате прекин, па да продолжите, или да продолжите во 20 минути до тринаесет часот. Ваш избор.

Значи во 20 минути до тринаесет часот продолжуваме со седницата со збор на господин Борис Кондарко. Благодарам.

(По паузата)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

За збор се пријави господин Борис Кондарко.

Повелете имате збор.

**Борис Кондарко:** Група пратеници од пратеничката група на СДСМ имаат поднесено амандман на овој закон за здравствено осигурување. Суштината на амандманот се состои во дополнување на Законот односно проширување на категориите кои се ослободени од партиципација за лекови и останати здравствени услуги. Тоа се лицата помлади од 18 години и лицата постари од 65 години. Тоа е суштината на овој амандман што бараме да биде прифатен од Владата односно од владеачкото мнозинство.

Од денешната претходна дискусија, јас навистина сум изненаден од односнот на поедини пратеници од владеачкото мнозинство кон поинаквото мислење односно поинаквите аргументи на опозицијата. Имено, апсолутно е неприфатливо овде да се изрекуваат зборови кои воопшто се на вредливи и недолични за Парламентот, а при тоа дури да се основани, треба да се внимава и да не се изрекуваат тие зборови од типот дека се работи за лаги, за манипулации, за клевети итн. Зошто лаги, зошто манипулации и зошто клевети? Затоа што пратеничката Весна Бендевска од СДСМ и уште неколку други пратеници се држнале да и се спротивставаат на Владата и да поднесат еден ваков амандман, со кој се зголемуваат правата од здравственото осигурување на децата односно на лицата помлади од 18 години и на пензионерите, лицата постари од 65 години. Мислам дека елементарно е непочитувањето и ваквиот арогантен однос од страна на владеачкото мнозинство со вакви квалификации и со вакви зборови. Ако ссе ова лаги, тогаш што е Програмата на владеачката партија ВМРО-ДПМНЕ во 100 чекори во Главата 12 каде што се говори за ефикасен, праведен и сигурен здравствен систем. Дали сигурен и праведен здравствен систем е доколку лицата помлади од 18 години и лицата постари од 65 години не спаѓаат во овие категории каде што треба да бидат ослободени од соодветни учества, партиципации за лекови и за здравствени услуги. Дали неполнолетните лица каде што претежно се деца, се ословуваат со категоријата деца, оние помлади и од 14 години, каде што сите се залагаме дека треба да се инвестира во заштита на здравјето на децата, дека треба децата да бидат нашата иднина, нашето најголемо богатство итн. Сега, децата се избришани од законот односно не се сака Владата да ја прифати оваа категорија. Исто така и пензионерите, лицата постари од 65 години кои цел свој работен век издвојувале помеѓи другото и за здравството на останатите, сега кога доаѓа редот тие да ги ползуваат бенефитите од она што го работеле и го издвојувале низ придонеси и даноци, оваа Влада да не им го дозволува тоа. Зарем оваа Влада во нејзината Програма каде што вели дека на Република Македонија и е потребен здравствен систем кој ќе ги оствари потребите на граѓаните, сега го овозможува тоа. Дали се ова потребите на граѓаните, дали сте ги прашале лицата постари од 65 години и да не ги прашате се знае кои потреби ги имаат. Првите потреби им

се да водат грижа за своето здравје и тоа помалку да ги чини односно да бидат колку што е можно во повеќе сегменти ослободени од разно разни партиципации во здравството, за лекови итн. ВМРО-ДПМНЕ сега го прави токму спротивното.

Понатаму, во ова поглавје 12 каде што се говори за сигурен и праведен здравствен систем, се говори за транспарентноста, ефикасноста на здравствениот систем, како и за квалитетот на здравствените услуги. Во една посебна точка е наведено дека ВМРО-ДПМНЕ ќе посвети посебна грижа на здравјето на деца и млади до 18 години, бремени жени, постари лица од 65 години итн. Значи, каде се овие две категории, за кои СДСМ бара да бидат вметнати во законот и да не учествуваат во партиципација за здравствени услуги.

Во сето ова уште посимтоматично и позагрижувачко е што на овие аргументи претставникот на Владата, заменикот министер за здравство, па и владеачките пратеници, кои по функција ја бранат политиката на Владата, иако морам да бидам искрен и да признам, иако неформално во разговорите во ходниците овде и за време на паузата со некои од пратениците од владеачкото мнозинство, го поддржуваат тоа. Меѓутоа, јас можам да ги разберам кога е во прашање волјата на Владата во крајниот исход, во гласањето дека секако ќе преовлада ставот на Владата и дека нема да биде поддржановој амандман. Но, реалноста е нешто друго. Реалноста е дека Владата не нуди аргументи, не влегува во полемика, сака со премолчување да помине овој амандман, да се изгласа, да се одбие и да одиме на наредната точка од дневниот ред. Меѓутоа, со ова нема да ги решиме проблемите во здравството. Јас го разбирам и почетниот ентузијазам, посебно на заменикот министер за здравство, кој мноу често и овде во Собранието и во јавноста по повод различни проекти, трибини за спроведување на некои реформи е активен и тоа е во ред, тоа го поддржуваме, меѓутоа, тоа треба да го покажете и да го остварите на дело во пракса. Здравствените осигуреници, граѓаните треба да го почувствуваат тоа. Кое фајде ќе ви бидат сите тие медиумски промоција, ќе направиме ова, ќе го реформираме ова, ќе го измениме ова, кога ќе се судрите со конкретен амандман, каде што ви ја фрламе ракавицата, ајде повелете направете нешто подобро од претходната Влада, нешто што, да речеме, претходната Влада немала можност, храброст да го направи, бидете вие тие што ќе ги соберете во крајна линија и политичките поени, ако сте толку загрижени за граѓаните и ако сте толку искрени. Еве ви можност, направете го тоа. Значи, повторно јас барам и ќе завршам со говорот, не знам дали ќе биде изнесен некој конкретен, реален аргумент, дали е тоа поврзано со финансиите, дали е со некои други објективни проблеми, зошто Владата не може да им го овозможи на овие категории граѓани таа повластица да бидат ослободени од партиципација за здравствени услуги. Дали може да велите дека правите реформи во здравството и дека ќе го подобрите здравството со огласи дека почнале навреме да земаат од Фондот за здравство плати вработените таму, а од друга страна просекот на платите севкупно за здравствените работници, да биде намален. Нивниот стандард, исто така да биде помал. Вие не дојдовте на власт за да еден од најбитните сегменти во општеството, здравството, заедно со образованието каде што реално треба да се огледа моќта, организираноста и ефикасноста на една држава во овие два сектори образование и здравство, да назадувате, туку напротив да го подигате стандардот, да воведувате подобри здравствени услуги, да воведувате подобри апарати и подобри можности за лекување на пациентите. А, во образованието да се градат нови училишта итн. Значи вие го правите токму спротивното, како може да имате пари за рекламни кампањи од типот на новите фризури и сл. а да немате пари за лицата помлади од 18 години, за пензионирите постари од 65 години, за да ги ослободите од партиципација од здравствени услуги. Можеме да редиме и други примери.

Владата покажува неконзистентност, покажува отстапување од својата програма, Владата покажува популизам, кој за жал, е секогаш од краток здив. Секогаш на лагата и се познаваат нозете. Значи, не може во нашата држава кога е во прашање здравството или политиката во здравството главен настан да биде, на пример, апсењето на д-р Дејан Докиќ , а вакви и значајни теми како што е овој амандман на група пратеници од СДСМ кои предлагаат ослободување на партиципација на здравствени услуги на пензионери и на малолетни лица, што Владата не го третира да не биде воопшто настан. Тоа е реалниот живот. За д-р Докиќ си има суд, си има обвинител, има полиција и ќе се докаже и ќе се потврди дали било вистина или не било вистина. Што правиме со овие илјадници малолетни лица и илјадници пензионери на кои им зависи здравственото осигурување и партиципацијата од овој закон, поточно од овој амандман што ого предлага СДСМ. Зошто на ваков игноратски начин Владата настапува. Јас се надевам дека во текот на расправата ќе понудите аргументи, меѓутоа немојте да губите од предвид дека ова е главниот настан денес во Собранието, во државата. Овој настан ќе помине, меѓутоа ќе останат проблемите на овие категории на лица, затоа што граѓаните кога ќе не пресретнуваат нас и вас како пратеници на улица, кај пријателите, ќе не запрашаат што вие направивте за нас, што ветивте, што направивте и зошто не направивте. Аргументите и одговорите се очекуваат од Владата, не од опозицијата. Механизам на опозицијата демократски, деловнички, институционален е вака низ парламентарната говорница да укажува на овие проблеми и да ја критикува Владата, некогаш и да ја подржува и да поднесува амандмани. Ние не можеме сами да донесеме закон. Бараме поддршка од вас да го прифатите овој амандман и заеднички да

направиме нешто добро за овие луѓе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас,

Збор има господинот заменик министер за здравство Владимир Лазаревиќ.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам господине претседател.

Би започнал пред се со последниот дел од неговото излагање каде што верувам дека многу често овие прашања кои што ги покренавте и на вас ви се поставуваат како пратеничка група, а пред се во делот на тоа што вие остваривте во времето додека бевте и го раководевте здравствениот систем.

Исто така би сакал да и се обратам и на пратениците и на македонската јавност дека овој амандман нема никаква врска со тезите кои што беа извадени денеска на говорницата и со кои се залажува македонската јавност.

Целиот говор и изминатите дискусии кои што се следеа се базираат на тезата дека практично нашите деца и возрасните граѓани немаат здравствена грижа или дека се изложени на не знам какви услови во кои што се наоѓаат. Тоа воопшто не е точно.

Од друга страна имаше можност СДСМ да го промени овој закон во времето кога раководеше со здравствениот систем и да воведе нешто што на нив ќе им биде возбудливо или интересно и што смета дека ќе направи придонес кон подобро. Во моменталната состојба добро е што вие ја студирате нашата програма, затоа што верувајте дека сите работи кои се наведени во програмата ќе се остварат внимателно, исто како што ги оствaруваме до сега. Денеска ние имаме закон во кој што сите работи што се ставени во законот практично можете да ги прочитате во програмата на ВМРО ДПМНЕ.

Подобрувањето на услугите за децата и за возрасните граѓани не мора да биде во законска регулатива на ваков начин, со ваков амандман. Ако тоа се направи на начинот на кој што функционираат институциите, промената на филозофија на која што функционира Министерството за здравство, со зголемување на транспарентноста со зголемување на достапот на информации, со подобрување на квалитетот на услуги, со одобрување на склучување на договорите помеѓу Фондот за здравствено осигурување и сите здравствени установи. Тоа се суштинските промени. Тоа се промените кои што ние ќе ги воведеме, кои што вие не бевте способни, немавте доволно храброст да ги направите и затоа ние се соочуваме како влада со огромни проблеми. Заради тоа што здравствените установи се задолжени, заради тоа што сите болници ни се со преврaботеност и со преголеми долгови, поради тоа што не можеме да успееме да ги исплатиме долговите кои што се наследени со години. На тој начин со тоа што ние сега ги преземаме овие мерки, со кои што се потрудивме практичнода ја зголемиме ефикасноста, драстично да успееме да направиме исчекор кон дефинирање на основниот пакет на услуги каде што вистински начите граѓани ќе знаат што ќе добијат, ќе се подобри грижата за децата, ќе се подобри грижата за пензионерите. Тоа не треба да биде во закон, тоа треба да биде обврска на секоја здравствена установа заради тоа што веќе во Законот постојат одредби со кои што се штитат правата на сите осигуреници.

Оваа Влада се обврза и ќе го оствари ветувањето дека во Македонија заклучно со следните парламентарни избори нема да има повеќе неосигурани граѓани. Ние сега имаме преку 150 илјади неосигурани граѓани. Зошто тогаш не се обврзавте да направите нешто во таа насока. Денеска ние се обврзавме и со редефинирањето на пакетот за здравствени услуги и со хармонизација на основицата на здравствено осигурување ние ќе успееме да немаме повеќе неосигурани граѓани во Република Македонија.

За сите услуги кои што нема да бидат влезени во паќетот на здравствени услуги ќе се овозможи дополнително здравствено осигурување. Ние ќе го обезбедиме тоа што го ветивме. Ние ветивме дека ќе создадеме сигурен, ефикасен и праведен здравствен систем.

Сигурен здравствен систем значи граѓаните да имаат доверба кога ќе одат на лекар; праведен значи дека начинот на распределба на средства ќе биде да се почитуваат принципите на солидарност и ефикасен значи дека нема да генерираме непотребни трошоци и да градиме долгови кои што самите ги уништуваат институциите.

Во таа насока вашиот амандман нема потреба да биде прифатен заради тоа што во моментот постојат соодветни законски решенија и сите обврски кои што ги презема Владата ги презема за унапредување на здравјето на сите граѓани.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете три минути за реплика господине Кондарко.

**Борис Кондарко:** Почитуван министре Лазаревиќ. Јас ве прашувам зошто не сакате да ги ослободите од партиципација на здравствени услуги лицата помлади од 18 години и постари од 65 години, вие овде ми говорите за "ланскиот снег". Како не ви е срам.

Вие овде ми држите часови по филозофски доктрини, зборувате демагогии. Зборувате за минато свршено време и за нешто што ќе остварите. Еве, ви прилика остварете го. Престанете веќе да се занимавате со минатото.

Јас не знам, дури и да се вистинитe шпекулациите дека и вашата заменичка министерска фотеља се клима, се мрда, дали и вашата смена ќе го спаси здравството. Значи, вие сте правник, вие што не сте, се испофаливте сам, самите, меѓутоа граѓаните немаат фајде од тоа. Не одговарате зошто. Кој е тој паќет? Владата се грижи - како се грижи? Прифатете го амандманот и покажете дека се грижите.

Што после ова. Кажете ми како ќе бидат тие лица згрижени? Како ќе им ја олесните финансиската состојба и пристапноста на здравствените услуги?Ништо од тоа не одговоривте.Цело време овде демагогии, маркетинг, популуизам, излегувате давате изјави, давате интервјуа.Нас не ни треба таква Влада.Ние сме против таква политика во здравството. Јас се оградувам и од сите оние претходници и од нашата партија кои не само во здравството и во сите други области лошо работеле, но вие треба да бидете подобри, затоа што ако не бидете подобри за сите нас ќе биде полошо. Затоа размислете додека е уште време, затоа што вчера ви изминаа шесте месеци и не знам јас таа еваулација како сте добиле преодна оценка. Ова не е за преодна оценка. Ова е за повторување, меѓутоа, овие шест месеци нема никогаш да ви се вратат. Повторувањето не е секогаш мајка на знаењето.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика на излагањето на господинот Кондарко се јави господинот Александар Николовски, повелете вашите три минути.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Јас би сакал да продискутираме во однос на популизмот што беше често споменуван и она што сакам да запрашам во насока на дискусијата е дали ние имаме анализа за предложениот амандман, односно опозицијата предлага амандман со кој би се ослободиле од партиципација лицата до 18 години и лицата над 65 години. Тоа вака звучи примамливо и можеби е во ред и звучи убаво, но она што ни е потребно кога разговараме по однос на некој амандман, и она што е разлика помеѓу популизмот и реалното залагање за резултати е анализата. Ние за жал немаме анализа колку ќе чини овој предложен амандман доколку се усвои, какви средства треба дополнително да се одвојат, дали има начин да се обезбедат тие средства и кој тоа би го направил.

Мислам дека е чесно кога се поднесуваат вакви амандмани за да не се залажува јавноста да се достават анализи од каде ќе се најдат тие средства и како ќе се потрошат за да не слушаме образложение од типот дека можете да потрошите толку и толку пари на таква и таква реклама, а не можете за здравство. Ако одиме по таа логика јас би предложил закон во кој што никој нема ништо да плаќа за здравство и би кажал ќе го направиме здравството бесплатно заради тоа што сите ние пратеници ќе се откажеме од платите, или администрацијата нема да зима плата.

Значи, ако сакаме да одиме со таков популизам во ред, но треба да добиеме многу, многу јасни аргументи зошто ова треба да се направи. Кога нешто предлагате треба да имате аргумент за тоа што го предлагате. Јас за жал не видов аргумент во предложениот амандман.

И дополнително уште повеќе да поразговараме зошто болниците односно здравството имаат толку големи долгови, зошто има недостаток на лекови, зошто аптеките кои што случајно се поголемиот дел сопственост на сопственик на веледрогерија, во исто време немаат лекови и тие лекови што ги имаат се високо над реалните цени. Зошто на некои лекови има над 500% заработка. Тоа е прашањето што треба да го упатиме можеби до Министерството за здравство и како да се реши, но она на што би сакал да апелирам е наместо да ги залажуваме пензионерите кои што не гледаат, или да ги залажуваме младите лица до 18 години кои што не гледаат и кои што добиваат впечаток дека СДСМ сака да ги ослободи од партиципација, а ВМРО ДПМНЕ не сака да им кажеме тоа колку чини, од каде ќе ги најдеме тие пари и како ќе ги потрошиме. Во спротивно ако продолжиме вака еве јас ви кажувам дека ќе поднесам амандман никој ништо да не плаќа заради тоа што тие пари ние ќе ги најдеме со тоа што јас и Кондарко нема да земаме плата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Почтивуван колега едвај чекам да го поднесете амандманот. Ајде повелете уште денеска поднесете го, ако имате храброст и ако не е популизам тоа што го говорите. Треба да се застрамите од тоа затоа што нема никогаш да го поднесете тој амандман, јас ви гарантирам.

Инаку, за анализата за која вие говорите трагично е колега што Министрството и Владата немаат таква анализа да одговорат колку тоа ќе чини. Не треба ние тоа да го кажеме. Зошто е Министерството? Не сме ние Министерство, не сме ние Влада. Малку ги мешате лончињата. Значи, нема одбрана, нема одговор на тоа.

Вие треба да ме запрашате мене или јас вас. Зошто се намалуваат лековите на позитивната листа, како работат веледрогериите, кој колку профит остварува и ред други прашања. Зошто има недостаток на лекови? Прашајте си го министерот, еве ви го тука. Отворате некои прашања со што си давате автогол.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Почитуван пртседателе, почитуван заменик минстер, колеги пратеници.

Земам збор за да искажам поддршка на амандманот кој што е поднесен од колегите пратеници од пратеничката група на СДСМ затоа што досегашните празни зборувања и ветувања дека правиме одредени реформи од кои што реформи ефектот за граѓаните е нула навистина само останува на збор дека правиме реформи. Не претендирам ниту тоа ќе го правам. Да ја рекламирам или промовирам програмата на ДПМНЕ, затоа што програма која не произведува никакви ефекти е празна програма, граѓаните полека полека, но сигурно од ден на ден се повеќе се уверуваат дека нема ништо од тоа.

И со овој закон каде што само се воведуваат дополнителни давачки за одредени правни субјекти во Република Македонија посебно за оние гранки кои вработуваат најмногу луѓе во Република Македонија  оваа Влада направи да им се зголемат трошоците и да бидат доведени под знак на прашање тие вработувања на луѓе посебно во текстилната и во чевларската индустрија. Меѓутоа, никаде не видовме дека се нуди решение кое ќе има позитивни ефекти и зголемување на стандардот на граѓаните на Република Македонија.

Од тие причини се поднесе овој амандман, се со цел да може да се ослободат од партиципација децата до 18 годишна возраст и лицата постари од 65 години, како и да биде бесплатно лекувањето на болните лица од срцеви заболувања, затоа што како една од најраспространетите болести во Република Македонија  и тоа како негативно делува на буџетот на граѓаните. Меѓутоа такво решение немаше, мене не ме чуди односот на Владата. И за други прашања кои што ги покрена опозицијата, што се значајни за граѓаните на Република Македонија, видовме дека дури и мислење не се доставуваше од страна на Владата, така и за овој амандман, меѓутоа, мислам дека треба да проработи совеста на пратениците од парламентарното мнозинство и барем еднаш да се поддржи едно решение кое што ќе биде навистина од корист за граѓаните на Република Македонија.

Не да гласаме само закони кои ќе произведат нови невработени и да го зголемиме бројот на шатори пред Собранието, како што е сега моментално во Република Македонија  од страна на стечајните работници, за што немавме храброст да изнајдеме решение заради тоа што само така Владата кажува и од тој аспект мислам дека ние како пратеници имаме најголема одговорност пред граѓаните да она што Владата во овој  момент не го прави преку наша интервенција, амандманска да го предложиме во Собранието и тоа да биде прифатено.

Не се поддржува политика или нема да бидете поддржувачи на оваа категорија на граѓани ако денеска не сте присутни во салата, како што е тоа случајот со новите социјалдемократи, или пак можеби тоа се некои нови принципи во социјалдемократијата - да се викате нови социјалдемократи, а да застапувате десничарски идеи. По моја информација веќе и телефонската линија е вжештена за разговори во секој момент можеби и се очекува да се понуди нешто ново во овој дел и да ги видиме конечно колегите од новосоцијалдемократска партија да се вратат во салата за да го поддржат ова законско решение, заради тоа што со неприсуство не можат, или ќе се определат да ги бранат интересите на граѓаните на Република Македонија, или ќе се определат да ги бранат интересите на премиерот, инаку нема и едното и другото. Со самото тоа што нема да бидат во салата не прават услуга пред граѓаните, заради тоа што тоа граѓаните го гледаат и не се веќе наивни, туку навистина свесни политички во овој дел. И тие очекуваат, сите ние да имаме поголема одговорност во вршењето на нашите функции и да даваме одредени предлози и решенија кои што ќе бидат во интерес на зголемувањето на стандардот на граѓаните на Република Македонија, а не да создаваме предуслови за намалувањето и на бројот на вработувањата во Република Македонија  со вакви законски решенија. Ваквите законски решенија што ги нудите со ефект нула, како што беа законските решенија во делот на рамниот данок, во делот на намалувањето на ДДВ, за земјоделците итн., е само продавање магла на граѓаните, меѓутоа, овој период од шест месеци од власт, или шест месеци од изборите е доволен период и граѓаните веќе тоа го препознаваат.

Заради тоа ве повикувам вас колеги пратеници од парламентарното мнозинство, од ВМРПО ДПМНЕ од социјалистичка партија, навистина да го поддржите овој амандман и да направите нешто добро за овие граѓани и да не продолжувате со праксата на безпрекорно почитување на мислењето на Владата како таа вас да ве избрала, а да работите спротивно на интересите на граѓаните, што впрочем го покажавте неколку пати со гласањето на одреднеи предлози што ги понудивме за стечајните работници.

Ќе дојдат уште многу вакви законски решенија кои што ќе бидат во директен интерес за граѓаните на Република Македонија, а ако продолжите вака само ќе покажете дека единствено интересот е ваш и на вашата политичка партија пред се, а не интересот на овие категории на луѓе. Тоа ќе го видите набрзо, кога ќе го понудите тој фамозен закон за одземање на солидарниот фонд за пензионерите, но за тоа потоа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор по втор пат пратеникот Кире Гештаковски.

**Кире Гештаковски:**  Благодарам претседателе.

Навистина немав намера да се јавам повторно за збор, но бев испровоциран од излагањето на заменик министерот, со реплика не можат да му одговорам и затоа ни треба повеќе време. Тој постави едно коструктивно прашање.

Не е во ред тука да зборуваме, кога ќе не сме во власт, не праша добро вие бевте толку време на власт што направивте за да ги поправите овие работи во здравството.

Сакам да одговорам дека СДСМ,Министерството за здравство во претходните 17 години го водеше само година ипол, но тоа не не прави да бегаме од одговорноста, бидејќи одговорноста е на - целата Влада. Сакам да кажам дека ниедна Влада досега на СДСМ, најодговорно тврдам нема ускратено ниедно стекнато право на здравствен осигуреник,како што направи Владата на ВМРО 2000-та година и 2001 година, со многу те одлуки кога драстично ги намали правата стекнати пред 60 години на сите здравствени осигуреници.Напротив, знаеме 2002 година, каква состојба нас-

леди Владата на СДСМ.Да не зборувам сега во - сферите на пост-конфликтна, поствоена со 50-60 иљади бегалци, или со странски војски,полиции инт.,ќе зборувам само во делот за здравството. Дали се сеќавате господа пратеници од парламентарното мнозинство каков Фондот за здравствено осигурување наследивме, каква државна каса наследивме, сега имавте слатки маки, наследивте 100 милиони евра суфицит, па ви беше тешко да ги распределувате. Најлесно ви беше најголемиот дел да го дадете на МЕПСО и на ОКТА.

И покрај сето тоа, покрај сите дубиози што беа правени во Фондот за здравствено осигурување со шлеперите пеницилин, со пижамите од три иљади денари, со канти сирење од 7 иљади денари, да не се навраќам не сакам да зборувам за тој период.

После првата година се создадоа услови да се вратат некои од одземените права на здравствените осигуреници. Тоа Владата на СДСМ го направи. Не зборувам паушално ако немав податоци дека ние навистина вративме некои права и сега ќе разговарам само со бројки и аргументи, бидејќи само тој начин на дискусија го разбирам. Не го разбирам на сите стручни прашање кои ги поставувам на вас и на министерот да ми се одговара. Во името на транспарентвноста, отчетноста, штедењето, оваа Влада ќе направи ова и она, а крајниот ефект е тотален хаос во здравството. Денеска имате најнова анкета 90% од испитаниците се незадоволни од проблемите во здравството, од хаотичната состојба во здравството. Вакво незадоволство до сега во ни еден сегмент и никогаш во Република Македонија не било покажано. На секои десет испитаници девет души да кажат дека е катастрофална состојбата во здравството.

Сега да се навратам на тоа на кое бев директно прашан.

По првата година од финансискиот крах на Фондот за здравствено осигурување од 2003 година онака како што имаше ветено СДСМ во делот на здравството се прошириja бесплатните услуги од основниот пакет на превентивата за деца до 18 години, а со вашата одлука од 2000-та година тоа беше скратено до 15 годишна возраст. Колкав е тој број на осигуреници, можете да пресметате.

Беше намалена партиципацијата која вие 2000-та година ја зголемивте на 50% за ортопетски помагала и од 40% ја намаливме на 10%. Не треба само декларативно да се залагаме за подобрување на животот на инвалидизираните и хендикепираните луѓе, туку треба на дело да се покаже, како што направивме ние, тие ги намаливме од 40% партиципација на само 10%. Додека за разните ортози кои служат за фиксирање на одредени делови од телото, рацете и нозете, е сведена на нула.

Ако се сеќавате распишавме прв пат меѓународен тендер за лекови и цената на лековите беше намалена за 40%, значи за 40% адекватно на тоа се намали и партиципацијата што ја плаќа секој здравствен осигуреник, секој граѓанин на Република Македонија за секој издаден лек.

Во 2003 година драстично беше проширено позитивната листа господине заменик министер и тоа со најскапите лекови, за најтешките заболувања. Тогаш пациентите имаа избор. Сега драстично ја намаливте таа позитивна листа. Сега ги оставивте болните од дијабет да се лечат само со еден вид инсулин.

За да ова го потврдам, ќе се послужам со бројки кои вие кога ќе се вратите во Министерството можете да ги проверете. Можеме тука да се натпреваруваме и да викаме во наше време имаше повеќе лекови, во ваше има помалку, но бројките се немилосрдни. Во 2002 година издадени рецепти вкупно во Република Македонија од први јануари до 31 декември 2002 година беа 5,1 милион рецепти. За 2004 година тој број на рецепти беше зголемен, лекови на позитивна листа, на 9,8 милиони рецепти. Значи, во времето на СДСМ граѓаните на Република Македонија зедоа двојно повеќе лекови издадени на рецепти од позитивната листа. Знаете ли колкав благодет е тоа за граѓаните. Бројот од 4 дена снабденост со лекарства од позитивна листа беше зголемен на 13 дена, сега повторно дојдовте на власт и повторно на два дена го сведовте снабдувањето на лекарства во аптеките од позитивната листа.

Како што кажав беа воведени многу нови лекови со проширување на позитивната листа. На тој начин се подобри здравствента заштита на голем број граѓани. Посебно беше направен искорак во проширувањето на позитивната листа со многу скапи цитостатоци за болни од малигните заболувања, за болните од дијабетес, беа донесени најсовремените лекарства за да тие тешко болни имаат една сатисфакција да се лечат со најсовремените лекови.

Ова не е парада. Вие предложивте и многу мерки од кои некои ги исполнивме за подобрување на финансиската состојба на Фондот за здравствено осигурување, па воведовме да се плаќа по пет денари од секоја продадена кутија цигари. Во план беше да се зафати одредена сума од продавањето на акцисните стоки, на пример на алкохолот, барем да ги покријат трошоците што настануваат во лекувањето од преголемото земање на алкохол на пациентите. Барем тие трошоци да бидат покриени.

Понатаму планиравме да има одреден процент кој ќе се слева во Фондот за здравствено осигурување со самото осигурување на секое моторно возило, бидејќи сообраќајните несреќи и повредите се многу зголемени и планиравме барем тие трошоци настанати од тие видови на повреди да се надокнадат во Фондот за здравствено осигурување.

Имам впечаток дека оваа Влада, овој министер за здравство е прв до сега во историјата на македонското здравство што не бара

дополнителни средства, што не бара начин да се наполни таа каса на Фондот за здравствено осигурување. Секогаш зборуваме само за штедење и само за рестриктивни мерки. Државата ќе најде пари за здравјето на своите граѓани, сигурен сум во тоа.

Не сме имале храброст да правиме реформи. Вие само што не се фалевте, што не се рекламиравте. Почетокот на реформите беше во наше време. Се сеќавате добро, за да се направат реформи во примарното здравство прво мораше да се донесе Законот за јавни установи кој не беше донесен 15 години, да се постават правилата на игра, да се наместат сите коцки во мозаикот за да почне евентуална трансформација односно приватизација и прави реформи во здравството. Потоа требаше да се поделат медицинските центри на болници и здравствени домови. Требаше да се распредели просторот во сите здравствени огранизации, требаше да се распореди кадарот, требаше да се распределат апаратите за да почнат реформите, па се сменија законите, па се тргна благо за да не се сруши тој гломазен, но сепак добар здравствен систем, па затоа се отпочна прво со приватизација на аптеките, па потоа на дел од стоматологијата, па после цела стоматологија, па после цела примарна здравствена заштита.

Дојдовте на власт, требаше да се отпочне со имплементација на тие работи. За време на отпочнувањето на имплементацијата со вашите погрешни одлуки кои ги носевте секојдневно и Министерството и Фондот настана тотална блокада. Јас ова не го измислувам. Ви штрајкуваат гинеколозите, се подготвуваат за штрајк стоматолозите, ќе штрајкуваат општите лекари. Знаете зошто? Бидејќи не можат да работат. Им ги врзавте рацете и навистина не можат да работат, да си ја исполнуваат нивната задача. Немаат примено средства пет месеци, немаат потпишано договори со Фондот пет месеци, немаат средства да купат рецепти за да пишуваат лекови, тоа им е работа, немаат средства да купат инекции, бидејќи знаете инекциите потпаѓаат по Фондот за здравствено осигурување, бесплатни се, со мала партиципација и лекарите мора да ги купуваат од сопствени пари, да ги носат во своите ташни и да им ги даваат на болните за да не ги изгубат пациентите.

Стално зборувате за сигурен здравствен систем, па денеска слушнав еден нов бисер кој ќе бил заснован на солидарни основи. Се што беше солидарно во здравството го укинавте почнувајќи од 2000-та, па се до ден денес.

Слушнав од еден почитуван колега од ВМРО-ДПМНЕ дека сме биле несериозни и поднесуваме вакви амандмани без да направиме анализа. Министерството за здравство има анализа бидејќи до 2000-та година овие групи на луѓе и овие популации до 18 годишна возраст и над 65 годишна возраст се лекуваат бесплатно на сите нивоа на здравствена заштита. Доволно е да се видат колкави се нови додатоци што сега треба да се одземат, ако се усвои овој амандман, што не верувам.

Верувајте ми не ја лажеме ни младата популација ни пензионерите, бидејќи совршено добро напишавме дека се создаваат услови, се подобрува финансиската состојба на Фондот за здравствено осигурување од 5.003.000.000 денари се намали на 3.000.000.000 само за една година, планиравме, ако останевме на власт, да се анулира целокупната финансиска загуба на Фондот за здравствено осигурување и ветивме дека во нашето евентуално 4 годишно владеење, можете да ја видите нашата Програма, дека оваа мерка ќе ја спроведеме. Ова не се фрази, тоа го ветивме и ќе го направевме во нашето евентуално 4 годишно владеење.

На крајот сакам да кажам не ги знаете работите од една страна, а од друга страна не сакате ни да слушате луѓе кои ви зборуваат од искуство, луѓе кои сакаат да се вратат на своите работни места како лекари и кои се загрижени, бидејќи не ќе можат и самите да работат.

Ова ќе го кажам за прв пат, во историјата на македонското здравство се погодија 4-те најодговорни луѓе што го водат македонското здравство како министер, заменик министер, директор на Фондот и државниот секретар да немаат ставено слушалки на уши, значи немаат ни еден ден поминато на работа во село, немаат во итна, немаат во ноќна, немаат во општа медицина. Немаат ни еден ден поминато на специјализација по клиниките, па да ги знаат секојдневните проблеми со кои се среќаваат сите вработени во здравството, лекарите и останатиот медицински персонал, па да ги знаат сите проблеми на пациентите, на граѓаните на Република Македонија, бидејќи се сомневам дека кога ќе им треба некоја здравствена услуга тие ја добиваат по заобиколни патишта. Ако само еднаш имавте напишано само еден рецепт или упат, не интерклинички, туку обичен упат, јас сум сигурен дека овие небулози немаше да ги правите во здравството. Викате општ е интерклиничкиот упат, а со друга одлука му ограничувате број на издадени упати 2, 3 или 4 во годината на еден лекар, му фиксирате финансиски буџет на една клиника, а после ја терате со интерклинички упат да работи. Од каде ќе најде пари. Конзилијарното лекување ќе го сведете на минимум. На кого ќе се одрази тоа? Се врз грбот на граѓаните. Само со пароли и паради кажувате ќе направиме ова, ќе направиме она, а вашите секојденвни одлуки сите се однесуваат врз грбот на граѓаните.

Сега најново, веќе слушам неколку дена, дополнително здравствено осигурување. За кои граѓани господине замениче ќе се однесува тоа? Имаме 350 илјади невработени не можат дополнително да се осигурат, сега со новиот пакет за здравствено осигурување им ги одземате и досегашните привилегии што ги имаа да се лекуваат бесплатно. Имаме 70 илјади корисници на социјална помош, стотици илјади не земаат редовно плата, доцни два три месеци, а вие сега кажувате бисер и велите дополнително

здравствено осигурување граѓаните ќе можат дополнително да се осигураат. Па, тие не можат ни ова задолжителното здравство да го платат, а тие граѓани за кои планирате дополнително здравствено осигурување и така и така не им треба, тие секој ден можат да одат да се лекуваат во приватна здравствена организација, тие можат да се лекуваат дополнително, со ваша дозвола со дополнителна работа во јавните здравствени организации. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика е пријавен претеникот Миле Пачемски, повелете вашите три минути.

**Миле Пачемски:** Благодарам претседателе,

Би сакал да реплицирам на колегата Кире Гештаковски за две работи.

Прво, тој изнесе во своето излагање дека бројките се немилосрдни и дека тие бројки треба сите да ги почитуваме. Токму за тоа сакам со него да полемизирам.

Имено, точно е дека некои популистички мерки кои беа напишани во Законот за здравствено осигурување беа укинати од страна на ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа, факт е дека низа привилегии кои беа допуштени на осигурениците во Република Македонија дојде до големи загуби во Фондот за здравствено осигурување. Во времето на ВМРО-ДПМНЕ и тогаш имаше загуби во Фондот за здравствено осигурување, меѓутоа, тие беа многу помали од оние што ги наследивме како нова Влада, како ново мнозинство во 2006 година. Сите знаеме дека во минатата година загубите во Фондот за здравствено осигурување изнесуваа околу 90 милиони евра. Тоа се должи на тие привилегии што ги имале пациентите во бројот на препишување рецепти, во процент на наплаќање на ортопетски помагала, протези итн.

Во вториот дел би сакал да реплицирам на амандманот од господинот Кире Гештаковски каде се бара ослободување од партиципација нас категорија лица на деца од 18 годишна возраст и постари лица од 65 години и лица со кардиоваскуларни заболувања. По мене, иако немаме таква анализа колку би ја чинело државата, знам дека се работи за огромна популација на население и те како би ја коштало државата во однос на популацијата и во однос на оние кардиоваскуларни забоувања инфарктни, постинфарктни состојби кои се на прво место во Република Македонија по процент на заболени.

Владата на Република Македонија поднесе амандман со кој се вели дека ќе имаме контрола на потрошувачката. Овде би додал, амандманот поднесен од господата Гештаковски и неговите колеги навистина делува убаво, мило за голем број пациенти во Република Македонија, меѓутоа, сепак е популистички закон затоа што неговото остварување, неговата реализација би ја барале во некое друго време кога Македонија би била побогата држава. Во овој момент државата е сиромашна и ова би предизвикало огромни загуби во Фондот за здравствено осигурување.

Во поглед на она што реков контрола на потрошувачката за која ќе се залага Владата пишува дека во Фондот за здравствено осигурување ќе се собираат средства за лекови, ортопедски помагала и ќе се трошат средства толку колку се собираат во Фондот за здравствено осигурување. Народски кажано ќе трошиме толку колку имаме или ќе ги пружиме нозете толку колку ни е долга чергата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Вашата минута господине Гештаковски, повелете.

**Кире Гештаковски:** Ви благодарам господине претседателе.

Сакам да кажам дека ова не да делува мило, туку се вистински потреби на оваа популација. Старите луѓе бараат само две работи да има повеќе лекови на позитивна листа, во аптеките да има повеќе лекови повеќе денови во месецот, а вие тоа го намаливте на половина и во претходниот мандат и во сегашниот. Зошто велам го намалувате, бидејќи го определивте бројот на максимум пишување на рецепти. Два милиони граѓани на Република Македонија по три рецепти, значи 6 милиони годишно испишани рецепти издадени на позитивната листа. Ви реков дека во 2004 година беа издадени 10 милиони рецепти, тоа можете да го направите со овие средства што ги имате.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави господин Агим Рамадани, повелете вашите три минути.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам.

По трет или четврти пат морам да му реплицирам на господинот Гештаковски во однос на неговите излагања кои ги искажува последните седници кога се носат закони од сферата на здравството и толку многу го пофали целокупното нивно владеење во здравството, толку убави работи кажа да ти е мерак да се разболиш.

Навистина не ми е јасно зошто мојот колега сега во Парламентот делува како политичар, а основните работи во здравството ги запоставува по однос на доктринарните ставови. Кажавте дека има 7 илјади страници материјал за доктринарни ставови мислејќи дека човекот е машина, а не човек. Вие многу убаво знаете дека фактичката конституцаја на секој човек од 6 милијарди и кусур народ во светот се различни. Не може еден пациент кој прима пеницилин, а е алергичен на тоа по доктрина да го лекуваш, ќе го убиеш. Тоа не е во ред. Немојте нестручно да зборувате.

Друга работа што бевте толку многу добри 4 години се знае каде ви е возниот парк во здравството, ви остана во Шипковица, Вејце, по Кичевските села коганоселе материјал за избори, кога носеле компири за на пазар во Тетово итн. Во кардиолошката клиника доктор отвораше врата и прашуваше каде се пациентите од Качаник, Урошевац, Приштина, за да земе пари и да закаже попладневни прегледи. Немојте, бидете малку реални, бидете малку самокритични, не е само да го напаѓате овој дел од Владата. Вие ги

почнавте реформите, ние ги реализираме сега. Законот што го носевте за стоматолозите и младите лекари ги унакажавте. Требаше да специјализираат за да добијат работно место како самостојни стручњаци. Сега е на потег Владата да ги решава нивните проблеми, а причинители сте вие. Немојте така, не е во ред. Дајте малку да работиме и да мислиме правилно, а не само да се зборува вистини, невистини, полувистини и да се фалите.

Знаете самите како ги трошевте средствата од Фондот за здравствено осигурување, кога и како ги потроши вашиот министер, каде е сега тој, не може никој да го најде. Каде се вашите директори кои се кријат како глувци по канцелариите, се плашат да не им дојдат инспекторите утре и да им каже господа вчера крадевте, денеска дојдете на одговорност.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Гештаковски вашата минута, повелете.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине претседателе,

Ќе реплицирам само на стручните работи, со другите не сакам да се бавам. Не пофалив ништо што не беше направено. Зборував со проценти и бројки. Можете да ги проверите, фактичката состојба беше таа. Доктринарните ставови, имате погрешно разбрано, не треба да ги носи сегашниот министер за здравство, каква физичка конституција да има нема потреба, беа донесени пред една година. Таа работа ја сработел некој друг. Само треба да почне да се имплементира работата. Вие знаете ако е алергичен на пеницилин ни еден доктор не препишува пеницилин. Нашите директори се плашеле да не им дојде инспекција, па што работевте една година, каде се инспекторите, каде е Министерството за внатрешни работи, каде е Обвинителството, дајте затворете еден, тогаш ќе разговараме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Пауза до 15,00 часот

(Паузата почна во 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,12 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места. Наскоро почнуваме со попладневниот дел од седницата.

Продолжуваме со седницата.

За збор се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Се јавувам по втор пат за да навистина направам обид, уште еднаш да елаборирам околу овој амандман и да се обидам да влијаам врз колегите, пратеници, од владеачкото мнозинство, бидејќи сум лично и цврсто убедена дека секој од нас, без оглед на својата политичка припадност, може да придонесе со свој личен придонес, гласајќи го овој амандман, во корист на граѓаните на Република Македонија.

Јас, како убеден социјалдемократ сум за тоа, врз база на нашите принципи, се залагаме за општество со еднакви можности за сите и, како што знаете, во нашата Програма, се залагаме за принципот на солидарност и во овој општествен сегмент, како што е здравството. Тоа е една од причините за кое што го употребив повторно моето право на говор.

Втората причина е многу посериозна. Јас имам намера да ја изразам својата сериозна загриженост на начинот на кој Владата на Република Македонија овие 6 месеци ја практицира својата власт. Коалиционата влада на Република Македонија, предводена од ВМРО-ДПМНЕ, 6 месеци покажува политичка безидејност и политичка неподготвеност да ги продолжи започнатите реформи во сите сегменти од општественото живеење. За жал, тука го поставувам клучното прашање, каде ВМРО-ДПМНЕ ја води Македонија? Особено во така значаен сегмент како што е здравството.

Пред нас, почитувани колеги, понуден е Предлог-закон за измена и дополнување на Законот за здравствено осигурување. Пратен е заменик министерот за здравство кој е должен на прашањата на пратениците, пред да гласаат, да ја објасни визијата со која што Владата го подготвила овој закон и да објасни што Владата планира да постигне, каков ќе биде ефектот од практичната примена на ова законско решение.

За жал, по два дена дебатирање, јавноста не умее да препознае каква корист ќе имаат граѓаните на Република Македонија од тоа што Фондот, што е согласно старото законско решение, тело што е задолжено да го спроведува задолжителното здравствено осигурување, сега, со новото законско решение се применува фонд-купувач на здравствени услуги. Дозволете, со вас да споделам една лична дилема.

Кога некого именувате како купувач, сметам дека му го давате комплетното право да биде “господин-купувач”. Да биде господинот кој ќе одлучува од каде, како, што и по која цена нешто ќе набави. Не сметате ли, почитувани колеги, а ова е и директно прашање до заменикот министер, дека на овој начин, на Фондот за здравствено осигурување, за кој што знаеме дека се работи за еден сив простор, просторот кој што Владата во овој момент мора да најде начин да не извлече, дека на овој начин го зголемуваме тој сив простор за можни идни финансиски манипулации, што најмногу ќе го почувствуваат граѓаните на Република Македонија. Токму затоа го поднесуваме овој амандман.

Сметаме дека ниту постои опсежна анализа како тоа на терен ќе изгледа и какви импликации ќе има, ниту пак сметаме дека ќе придонесе, Фондот, како купувач на здравствени услуги, да се зголеми квалитетот на здравствените услуги што ќе ги добиваат граѓаните на Република Македонија.

Господине заменик министре, имате ли одговор на ова прашање? Умеете ли да понудите и со нас да споделите, вашата анализа чии резултати вие пред нас поднесувате закон, со кој што Фондот се менува, односно се преименува во купувач на здравствени услуги. Тоа е првиот дел од нашиот амандман, за што не добивме ниту реално, ниту конкретно ниту концизно објаснување, односно добивме молк. Или, еден добар политички говор на еден претставник на Влада, кој пред ова Собрание дојде да понуди одговори, а не да не прашува нас како опозициони пратеници.

Вториот дел од нашиот амандман се однесува на нашиот предлог. Лицата постари од 65 години, децата помлади од 18 години и болните од срцеви заболувања да бидат ослободени од плаќање на партиципација.

Почитувани колеги пратеници,

Сега е моментот да исправиме, сите заедно, согласно сопствената совест, една неправда што им е нанесена на граѓаните на Република Македонија во 2000 година, од тогашната влада на ДПМНЕ предводена од премиерот Љубчо Георгиевски. Сега е токму моментот, а не заменикот министер да не убедува дека во некое идно неопределено време, токму тоа ќе го прави оваа Влада на господинот Груевски, без притоа да даде конкретен одговор кога тоа ќе биде и зошто не токму сега. Сега е моментот господине заменик министре.

Бидејќи сите ние забораваме еден факт, Фондот е формиран како законско тело, како институција за спроведување на задолжителното здравствено осигурување и троши, користи средства токму на граѓаните на Република Македонија. Ние, не смееме од таа институција да направиме институција што над интересите на граѓаните ќе спроведува свои лични прокламирани цели.

И, повторно да не се повторувам, но ќе морам да ве убедам. Па, токму ВМРО-ДПМНЕ во својата предизборна кампања вети дека ќе се грижи за здравственото осигурување на лицата помлади од 18 години и на лицата постари од 65 години. Еве го тој амандман. Во што најдовте мана за овој амандман? Тоа што е поднесен од опозициони пратеници? Тоа што е поддржан комплетно од пратеничката група на СДСМ? Имате ли одговор зошто овој амандман е неприфатлив за Владата на ВМРО-ДПМНЕ?

И, не само тоа, во вашата Влада господине министре, коалиционен партнер се новите социјалдемократи. Во денешните медиуми читаме дека пратениците од НСДП неофицијално не влегуваат во оваа сала со обид да вршат притисок врз ВМРО-ДПМНЕ, заради тоа што пратениците од ВМРО-ДПМНЕ не им дадоа поддршка...

**Љубиша Георгиевски:** Тоа сепак не е субјект на амандманот.

**Весна Бендевска:** За задолжителното здравствено осигурување на лицата постари од 65 години, почитуван господине претседателе, а токму тоа е содржината на амандманот за кој во овој момент расправаме.

Така што, мислам дека правите јалов обид да ме импутирате дека не говорам околу темата на амандманот.

Се прашувам, дали во овој момент пратениците од НСДП се обидуваат да го убедат премиерот дека е ова добро решение? Јас ќе ги поздравам, јас ќе им честитам. За жал, новите социјалдемократи, наместо да се појават тука и да се обидат пред јавноста да се борат за своите прокламирани принципи во нивната предизборна програма, каде што се залагаат за принципот на солидарно здравство, а тоа е еден од базичните принципи на социјалдемократијата како политичка опција. Не може да бидеме убедени ниту ние, ниту јавноста дека така, на овој начин се бранат интересите на граѓаните на Република Македонија.

Значи, во обид да успеат да испазарат нешто со премиерот, и вчера и денеска пратениците на НСДП не учествуваат во расправата, плашејќи се веројатно дека ќе бидат опоменати, дека токму тие ветија правичност, взаемност, рамноправност, достапност и солидарност во областа на здравството, како еден од општествените сегменти. Дури и, цитирам една убава реченица од нивната програма “НСДП ќе направи нешто што досега ниту една влада не го направила”. Да чита човек и да не верува што чита. Дури, подолу, новите социјалдемократи ветија “Нова стратегија што ќе понуди и инсистира на партнерство и одговорност на сите членови во здравствениот синџир, поединецот, вработените во сите форми на здравствениот систем, локалната самоуправа, Фондот за здравствено осигурување и (ве молам внимавајте) Владата и ресорните министерства”.

Па, токму во моментите кога се гласаше Владата на Република Македонија кон крајот на август 2006 година и кога новите социјалдемократи станаа официјален коалиционен партнер на ВМРО-ДПМНЕ ги убедувавме дека прават неприродно партнерство во неприродна коалиција. Тогаш тие ветија дека ќе умеат да се наметнат над ВМРО-ДПМНЕ како свој партнер и ќе инсистираат во законските решенија, во овој Законодавен дом дека ќе застанат зад својата понудена предизборна програма.

Да резонирам, ниту ВМРО-ДПМНЕ, ниту НСДП денес се многу мирни и тивки и другите коалициони партнери на владеачкото мнозинство, не слушнав збор од либералите, не слушнав ниту збор од почитуваните колеги социјалисти околу ова законско решение, кое што требаше да понуди излез од тешката криза во која што се наоѓа здравството во Република Македонија, а од што најмногу штета трпат граѓаните на Република Македонија.

Јас нема повторно да барам камерите да се насочат кон припадниците на владеачкото мнозинство, за да граѓаните видат колку се заинтересирани околу оваа тема. За жал, тоа ќе

го покажат во моментот кога ќе гласаат по нашиот понуден амандман.

За жал, иако сум убедена дека секој колега пратеник има желба и волја да работи во интерес на граѓаните, од кои го добил мандатот, немаат сила да се спротивставаат на Владата, како извршна власт, предводена од нивниот лидер, господинот Никола Груевски. Убедена сум дека ќе гласаат против своите лични убедувања, односно ќе го отфрлат амандманот и за жал, социјално сензитивните групи, како што се лицата над 65 години и деца и младинци помлади од 18 години, повторно ќе мора да бидат партиципиенти за да добијат да бидат корисници на здравствените услуги во Република Македонија. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** И јас ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам сите пратеници да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Ги молам службите да достават точен број на присутност на пратениците.

(Службите доставуваат точен број на присутност на пратениците)

Ги молам сите пратеници да влезат во салата и да ги заземат своите места.

(Пратеници влегуваат во салата)

Амандманот го ставам на гласање, бидејќи сметам дека сме 61 пратеник.

Молам, уште еднаш службите да ја потврдат оваа моја претпоставка.

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници во салата)

Имаме доволен број, имаме кворум да одлучуваме.

Според тоа, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 11, воздржано 1, против 51 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2 поднесен од пратениците Кире Гештаковски, Весна Бендевска и Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ**: Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господин Кире Гештаковски, повелете.

**Кире Гештаковски:** Ви благодарам господине претседателе.

Бидејќи овој амандман е во корелација со претходниот амандман и бидејќи сега овој амандман фактички стана беспредметен, а во интерес на времето и да не ги повторувам работите, во името на предлагачите го повлекувам овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен од страна на предлагачите.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 3 поднесен од пратениците Кире Гештаковски, Весна Бендевска и Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Госпоѓа Весна Бендевска се пријави за збор, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Бидејќи станува збор за технички амандман ќе се обидам да објаснам зошто го поднесуваме.

Го поднесуваме заради допрецизирање на текстот на Законот. Навистина, не гледам причина зошто да не биде усвоен.

Имено, во членот 49 став 2 по зборот “закон” се обидуваме да ги додадеме зборовите: “или не е уплатен”. Ставот 2 од овој член би требало да гласи: ако при контролата од став 1 на овој член се утврди дека придонесот за задолжително здравствено осигурување не е правилно пресметан и уплатил согласно со овој закон, или пак не е уплаатен, Фондот ќе покрене постапка за наплата на основниот долг, заедно со законската камата, според прописите за извршната, односно парничната постапка. Станува збор за технички амандман, станува збор според наш убедување за по јасно по децидно дефинирање на текстот. Јас ги молам пратениците да гласаат во корист на амандманот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 9, воздржано нема, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 4, поднесен од пратениците Кире Гештаковски, Весна Бендевска и Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам. Значи ние имаме предлог членот 4 во Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, да се брише комплет.

Значи Владата предлага во основниот Закон, во членот 38, по став 2, да се додаде нов став 3, кој гласи: обврската за плаќање на придонесот на овој член останува, без оглед дали е исплатена плата, надоместокот од плата, пензија, односно друг паричен надоместок, согласно законот.

Од ова образложение на членот 4, односно од дополнувањето на конкретниот член 38 од Законот со нов став, се гледа намерата на предлагачот, односно Владата на Република Македонија да се овозможат услови да се забрза стечајната постапка и да се намалат, претпоставувам некои процесни трошоци. Притоа, Владата немала предвид дека членот 38 од постојниот Закон содржи природно во себе императивна норма, со која се уредува правилото за пресметување, задржување и уплатување на придонесот на задолжителното здравствено осгигурување, од страна на обврзниците.

Како обврзници се и државните органи, од органите на единиците на локалната самоуправа, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Агенцијата за вработување и други, кои не подлежат на постапката на стечај.

Поаѓајки од тоа,не е тешко да се заклучи дека предложеното дополнување на членот 38, нема за своја природна цел да ја постигне саканата намера. Од тие причини, се предлага овој амандман за бришење на членот 4, бидејки сме убедени дека во постојниот закон членот 38 е сосема дециден, оправдан и треба да остане како единствено корисно законско решение за начинот на кој се пресметува и уплатува задолжителното здравствено осигурување, од страна на комплетно сите обврзници кои партиципираат во Фондот за здравствено осигурување. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејки нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да дадат точен број на присутни пратеници во салата.

Од 61 присутен пратеник, гласале 60, за гласале 9, воздржано нема, против гласале 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 5, поднесен од пратениците Кире Гештаковски, Весна Бендевска и Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам. Понудениот член 5 во Предлог законот од страна на Владата на Република Македонија сметаме дека претставува антимерка за економски развој, кој беше прокламиран како единствена цел и визија на Владата, предводена од ВМРО-ДПМНЕ.

Владата во Предлог законот предвидува и ни нуди основицата за пресметување на придонесот за задолжително здравствено осигурување, да не може да биде пониска од 65% . Меѓутоа, согласно принципите кои оваа Влада веќе 6 месеци ги нуди пред нас, да ни понуди Предлог на закон на кој ние имаме право согласно Деловникот да правиме амандмани и конструктивно да придонесеме за подобрување на било којзаконски текст, Владата си го задржува своето право кога сака да одлучи да поднесе свој амандман, кој ќе стане норманло, согласно Деловникот и законските прописи составен дел на Предлог законот, а ние врз тоа ново решение немаме можност, ниту начин амандмански да реагираме. Меѓутоа, тоа е тоа, јавноста веќе знае за начинот на кој Владата, односно страхо владата се однесува кон законодавниот дом. Сакам да образложам зошто сметаме дека е праведно овој член 5 од понудениот закон, комплетно да се избрише.

Со членот 5 Владата знатно ја покачува основицата за пресметка на основното задолжително здравствено осигурување со што се ништи основниот принцип на праведност. Осигурениците со поголема плата да плаќаат и придонесуваатсо повеќе средства за Фондот, за разлика од оние со пониска плата, да партиципираат со помалку средства, Владата согласно секоја конзервативна Влада, која за основа го подржува крупниот капитал на плеќите на посиромашните економски категории, се обидува и има можности и начини тоа да го прави.

Од образложението на членот 4, односно дополнувањето, се извинувам, ставот 1 од член 5 , со кој се менува ставот 4 од членот 40 од постојниот Закон за здравствено осигурување се брише, со следново образложение по наш предлог. Се гледа дека намерата на предлагачот е да изврши усогласување на минималната основица за пресметување и плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување, со основиците утврдени со пресметување и плаќање придонес за ПИО и придонес за вработување. Приодот е сосема погрешен и карактеристичен, како што реков, за десно настроени влади, затоа што за ова не постои верувајте, уставен основ за такво усогласување. Бидејки задолжителното здравствено осигурување од една, ПИО од друга, и осигурувањето во случај на невработеност се три сосема различни работи. И затоа, до сега

биле утврдени различни стапки според кои се пресметуваа и наплатува овие придонеси.

Покрај ова, ако се анализира едноставно, примената на ваквото решение, тогаш можеме да го заклучиме следното: значи, сите обврзници, трговски друштва кои со големи напори настојуваат да опстојат на пазарот и кои во своите редови ги имаат најголем број од вработените осигуреници, ќе бидат принудени да изфвојуваат повеќе средства за задолжително осигурување, бидејки знатно е покачена најниската основица. За разлика од нив, поголемите, и попрофитабилни трговски друштва од поразвиените гранки на дејност, ќе плаќаат според пониска основица и ќе издвојуваат помалку средства за задолжителното здравствено осигурување, со што верувајте, и не за џабе примивме толку реакции и од Стопанската комора и од Сојузот на синдикатите на Македонија, кои сметаат дкеа не биле консултирани за ваквото понудено законско решение и дека сето ова ќе го наруши основниот принцип на пазарното делување во Република Македонија.

Со други зборови, по сиромашните со ова законско решение, ќе бидат уште посиромашни, а побогатите уште побогати, наместо прокламираниот развој на граѓанско општество, кое има капацитет да понуди еднакви можности за сите.

На овој начин се одбегнува исто така, да се запази и принципот на солидарност врз кој е развиен и создаден системот на здравственото осигурување во Република Македонија.

Покрај ова решение, во спротивно со заложбите на Владата на Република Македонија која декларираше економски развој и создавање навистина на подобри услови за развој на големиот број на мали и средни претпријатија,како носители на идниот економски развој.

Ова потврдува дека ресорите во самата Влада немаат коегзистентност, ниту поврзаност на своите политики кои ги прокламираат, а нам ни ги нудат као предлог решение за изменвување на постојните законски решенија. Не може да се плокрамира идеа дека оваа Влада ќе работи за подобрување и создавање на подобри услови за економски развој од една страна, а од друга страна да му наметнува дополнително оптоварување и отежнато остварување на правата на граѓаните од здравственото осигурување.

Заради тоа, почитувани колеги, особено вие од владеачкото мнозинство, Владата нуди навистина едно скандалозно законско решение. РеШение за кое не се консултирала сооснoвните клетки во Република Македонија, како што се Стопанската комора и Сојузот на синдикатите на Македонија. Сите ние сме сведоци каква прашина дигна ова понудено законско решение.

Апелирам до вашата совест и свест, кога веќе притиснавте копче и сметавте дека токму сега е моментот за донесување на предлог на законот за изменување и дополнување на постојниот Закон за здравствено осигурување, да го прифатите овој амандман. Да им дадеме шанса за вистински економски развој на малите и средни претпријатија, да им дадеме шанса на ниско екстензивните трговски друштва, кои вработуваат најголем број вработени во Република Македонија, а кои со можното изгласување на ваквото законско решение ќе се најдат навистина, пред непремостливи пречки и сигурна сум дека ќе предизвикаат нов бран на невработеност во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 8, воздржано 1, против 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за менвуање на став 1, поднесен од пратениците Весна Јаневска, Марјан Додовски и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејки нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни во салата, гласале 58 пратеника, за гласале 13, воздржано нема, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 6, 7, 8, 9, 19, 11 и 12 поднесен од пратениците Кире Гештаковски, Весна Бендевска и Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господин Кире Гештаковски, повелете.

**Кире Гештаковски:** Благодарам госпдоине претседателе, почитуван заменик министре, почитувани колеги,

Ќе се задржам од сите овие барања за бришење на сите членови, само околу бришењето на членот 10.

Имав краток разговор на паузата со заменик министерот. Ми вети дека ќе направи дополнителни напори, дека ќе се консултира дополнително со релевантните фактори и дека ќе се направи обид овој амандман да се прифати, од проста причина што верувајте ми ќе бидеме прва држава во светот, каде што со закон му се забранува на еден еснаф, на лекарите во случајот, да мислам, односно да даваат мислења релевантни од нивната област, кои ќе им помогнат на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување и на Министерството за одредени општи акти кои се носат, а кои се во делокруг на одлучување на Управниот одбор за здравствено осигурување, да бидат во согласност со здравствените потреби.

Навистина не ми е јасно, како може со закон да им се забрани, после толку годишна пракса, секој од овие лекарски здруженија, пред се мислам на Лекарската комора на Република Македонија, на Македоснкото лекарско друштво, на разните здруженија, на Стоматолошката комора на Фармацевтската комора да не им бидат од потреба на Управниот одбор да му бидат на база на прибирање на податоци и на стручни совети одлуките да ги донесуваат правилно.

Мислам дека ќе биде пред се од нивна корист. Никој не е семожен, никој не знае се. Подобро е да се има повеќе размислувања, посебно ако тие размислувања, мислења, се дадени од најрелавентните фактори, од здруженија на педијатри, на гинеколози, на психијатри, а чии општи акти, се однесвуаат токму во делокругот на нивното работење. Не мора тие да ги земаат предвид, како што не ги земаа во стварност и досега. Туку да ги видат различните мислења, па да видат кое мислење од тие здруженија можеби држи, можеби е конструктивно и можеби треба да се постапи спрема тоа мислење.

Значи, пред се, ова бришење на членот 10, ќе биде во функција да им се помогне на членовите на Управниот одбор. Знаеме ние дека сите влади и на СДСМ и на ВМРО-ДПМНЕ, како ги бираат членовите на управните одбори. Дали се ставаат компетентни луѓе на правите места.

Затоа ве молам, овие мислења треба да бидат од незаменлив карактер во работењето на Управниот одбор. Не ми е јасно како самиот Управен одбор се оградува од вакви мислења.

Уште еднаш апелирам до заменик министерот, да се најде начин, при бришењето на членот 10 да се овозможи како натаму еснафот, здравствената фела да дава мислење за оние работи за кои е најповикана, а сигурно и да бидете дека тие ќе бидат во интерес на сите граѓани на Република Македонија, бидејќи ќе придонесат во подобрување на носењето на одлуките.

Образложениeто на Владата зошто ова се прави е дека се губело време во собирањето на сите овие мислења и дека немало потреба, дека член во Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување имало од лекарските комори. Да, има еден член од сите лекарски комори и од Стоматолошката**,** Фармацевтска и од Лекарска, по еден, кои континуирано ќе се менуваат секоја година. Но тие, верувајте ми, немаат никаква моќ на одлучување, бидејќи го немаат заштитниот механизам, како што го има претставникот на Министерството за финансии и членот на Управниот одбор од редовите на Министерството за здравство, да стави вето на било која одлука.

Пред само месец или месец ипол бевме сведоци кога еден член на Управниот одбор, претставник од Лекарската комора, член на ВМРО-ДПМНЕ имаше различно мислење околу намалувањето односно рестрикцијата во позитивната листа и експресно беше сменет, бидејќи неговото мислење се разликувало од мислењето на останатите членови. Затоа уште еднаш апелирам оваа грешка да се исправи, на лекарската фела да и се даде шанса да размислува и да дава мислења од нејзиниот дел.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван заменик министер за здравство.

Навистина, ако министерот не можеше да го прифати овој амандман поднесен од колегите од СДСМ, се надевам дека ќе го прифати следниот амандман кој е поднесен од мене и од колегата Најдовски и кој точно се однесува на бришење на членот 10. Токму поради тоа сега би сакала да дадам кратко објаснување во насока на тоа што го говореше и мојот почитуван колега Гештаковски, затоа што кога министерот кажа дека амандманот не се прифаќа, после, верувајте многу е тешко да се убедат колегите пратеници, па дури и оние кои доаѓаат од здравството, да прифатат еден амандман кој апсолутно со ништо не нанесува штета, ниту на функционирањето на Фондот, ниту на целосното функционирање на Управниот одбор на Фондот. Напротив, во голема мера придонесува да се врати барем до некаде достоинството на лекарската професија, на стоматолозите и на фармацевтите, со тоа што и овој пат како и многу пати до сега со Предлог-измените на Законот за здравствена заштита, секогаш одат во насока до крај да се деградираат здравствените работници, да се одземат ингеренциите на коморите, како што беше случај и во Законот за здравствена заштита, така и во овој случај. Имено, за да биде појасно за граѓаните или барем оние кои се заинтересирани, или пред колегите од парламентарното мнозинство за што се работи, јас ќе се обидам конкретно да го образложам овој амандман. Станува збор за членот 56 од постојниот Закон...

Ве молам колеги ако сакате да ми овозможите да продолжам.

Претседателе ова на ништо не личи веќе. Јас го разбирам нетрпениeто на парламентарното мнозинство. Нивна цел е само да гласаме за или против и да го донесеме законот, но навистина ова е многу важна работа и ве молам да се сослушаме. Можеби ќе успеам, има таму колеги

кои покрај другото се и лекари и можеби ќе се согласат да го прифатат овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Се согласувам со вас. Продолжете.

**Роза Топузова Каревска:** Имено се интервенира во членот 56 од постојното решение, Владата интервенира, каде се уредуваат работите кои ги врши Управниот одбор на Фондот. Покрај другото таму во ставот 3 вели-"пред донесување на општите акти предвидени со овој закон, Управниот одбор мора да побара мислење од коморите од областа на здравството, здравствените организации и други асоцијации".

Комори од областа на здравството, сите знаеме дека тоа се Лекарската, Стоматолошката и Фармацевтската и навистина не гледам зошто сега со овој Предлог на закон што ни се нуди, се брише овој став. Мене не ми е јасно што смета да се побара мислење, значи Управниот одбор да побара мислење затоа што и во досегашната пракса навистина мислењето не беше до крај обврзувачко, но до колку тоа беше негативно се одеше на усогласување. Значи се даваше една можност да се искаже и поинакво мислење од страна на коморите и потоа да се дојде до едно усогласување при носењето на актите кои се од големо значење.

Образложението, како што кажа почитуваниот колега Гештаковски дека коморите имаат претствник, е неодрживо и тој го објасни тоа, затоа што навистина нивната улога и така е минимизирана и нивното учество во Управниот одбор исто рака. Сега навистина не знам, во сето она што се нанесува ударот, како што реков, на здравствените работници и нивната комплетна деградација, сега во истата таа насока се оди кон тоа коморите да бидат исклучени и во одлучувањето односно да имаат било какво влијаат на одлучувањето во Управниот одбор на Фондот.

Откако веќе со претходниот закон за здравствена заштита, апсолутно управните одбори во здравствените организации ги сведовме на англиска кралица, кои апсолутно ништо не одлучуваат, само формално постојат, а целите ингеренции поминаа во рацете на министерот, така и сега се настојува повторно коморите да бидат исклучени и во овој случај, во било какво давање дури и мислење и сугестии, се со една единствена цел, оваа Влада комплетно да го стави здравството под партиски патронат. Тоа е недопусливо и мислам дека еднаш веќе треба да се престане со оваа пракса. Заменикот министер за да докаже дека тоа не е вистина што јас го говорам, треба следниот амандман, што реков е поднесен од мене и од колегата Најдовски, да го прифати со тоа што, реков, ништо нема да изгуби Управниот одбор туку напротив ќе добие затоа што сите знаеме дека сепак најдобро мислење можат да дадат тие кои директно се засегнати, а тоа се коморите на лекарите, стоматолозите и фармацевтите.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, заклучувам, иако не се сомневам во тоа воопшто, дека ќе се случи она што се случува веќе седум месеци откако сме нов состав на Собранието на Република Македонија. Се случива тоа Владата да ни протежира законски решенија кои не умее да ги објасни и не сака да ги објасни, праќа заменици министри кои не сакаат да дебатираат, да објаснуваат, а за жал пратениците од владеачкото мнозинство ќе гласаат. Можеби се убедени во спротивното, но тие ќе гласаат. За жал, велам, бидејќи и деловника и уставна обврска е ние како пратеници и членови на законодавн иот дом на Република Македонија да ја контролираме работата на Владата, а не обратно. Седум месеци Владата не контролира нас, почитувани колеги и тоа е на терет на вашата совест. Не успеавме да најдеме начин и механизам да си ги спроведуваме нашите уставни овластувања. Не се тоа наши привелегии, почитувани пратеници. Нас Уставот не обврзува, како избрани претставници на граѓаните на Република Македонија, да работиме само и само во нивна корист, а не во корист на Владата на Република Македонија која е еден сегмент од општественото живеење, односно повторно истите граѓани им довериле со своите сопствени средства да раководат со нив. Но, тоа е реалноста, за жал, на Република Македонија. Токму затоа Република Македонија не ги спроведува започнатите реформи, туку назадува во нив. Република Македонија не оди чекор понапред кон европските интеграции, туку се враќа назад. За жал, сите подеднакво односно не подеднакво, ние како опозиција се трудиме, дебатираме, се мачиме, немате слух, немате сенс, немате политичка волја сите заедно и од опозиција и од позиција да работиме во интерес на Република Македонија.

За жал, денес ќе биде повторно излгасан Предлог-закон за измена и дополнвуање на Законот за здравствено осигурување зад кој не стојат ниту пратениците од опозицијата, не стои ниту Стопанската комора на Македонија, не стојат ниту Сојузот на синдикатите на Македонија. Вие немате основ да мислите дека овој закон ќе нможе успешно да се имплементира онаму, на терен, за кои и се донесува. Овој закон нема да значи спроведување на реформи во здравството. Овој закон, за жал се меша и во еден многу суптилен сегмент , сегментот на економијата, бидејќи сите вие видовте дека Стопанската комора на Македонија, односно Здружението на текстилната индустрија и конфекција при Стопанската комора, преку медиуми ги изнесе своите ставови по предлог за измените и дополнувањата на Законот за здравствено осигурување. Токму во текстилната индустрија каде се вработени 45 илјади работници, вие мора да сметате дека станува збор за 45 илјади семејства со просечна плата од 5718 денари, за месец јануари 2007 година. Вкупните давачки и

придонеси од плата, со вашето понудено законско решение ќе достигнат неверојатни 81% од просечната плата во текстилната индустрија.

Стопанската комора на Македонија јавно преку медиумите ја предупреди Владата каде токму и вие сте член господине заменик министер, дека ваквиот предлог може да доведе до намалување на и до сега ниските плати на текстилците, масовни отпуштања од работа, а во вакви услови работодавачите ќе ги прекинат водените преговори за потпишување на Колективниот договор за текстилна индустрија.

Овој Предлог на закон почитуван министер, ќе придонесе да создадете уште потешка ситуација во Република Македонија. Ќе продуцирате нова маса на незадоволници, претпоставувам ќе нема место повеќе околу зградата на Собранието на Република Македонија да ги собере сите незадоволници кои ќе се одлучат својот протест да го изразуваат пред законодавниот дом. Вие немавте слух да ги слушнете и да ги примените ставовите на Стопанската комора која бараше да го повлечете од собраниска процедура овој Предлог-закон, да го свикате Економско-социјалниот совет да се отвори темелна расправа и со работодавачите и со синдикатите, за ова прашање. Затоа, како потписник на амандманот со кој ги повлекуваме сите членови од 6 до 11, со исклучок на член 9 од вашиот Предлог-закон, заклучуваме дека ќе бидете директно одговорни за новиот хаос кој сосема свесно го продуцирате во Република Македонија и не би сакала да сум во вашата кожа кога ќе се исправите пред граѓаните што на 5 јули ви ја дадоа довербата, а сега токму од вас ќе бараат одговор на прашањата зошто здравството ќе продолжи да тоне со многу побрз степен на движење отколку што беше тоа до сега, а добивте мандат, ветивте дека имате визија да се справите токму со овие проблеми. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам случбите да достават точен број на пратеници во салата, а пратениците кои не се во салата ги молам да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 11, воздржани нема, против 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 6, поднесен од пратениците Весна Јаневска, Марјан Додовски и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 12, воздржани нема, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 10, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван заменик министер.

Токму поради тоа земав збор и кога беше амандманот на колегите од СДСМ, да објаснам за што се работи со овој амандман, затоа што, да бидам искрена, очекував дека можеби тогаш заменикот министер ќе ме сослуша и ќе види дека станува збор за нешто што е многу суштинско, од една страна, од значење за Лекарската комора, Стоматолошката комора и Фармацевтската комора, од друга страна со ништо не делува на работата на Управниот одбор, напротив придонесува за квалитетот и демократското функционирање на Управниот одбор и ги зголемува ингеренциите и одговорноста која тој треба да ја има. За жал, не е прифатен овој амандман.

Уште еднаш ќе се обидам сосема на кратко, ценејќи го времето, барем да ги убедам колегите пратеници да дадат согласност на овој амандман.

Станува збор за член поднесен во законот со кој Владата интервенира во член 56 од постојниот Закон каде се опфатени ингеренциите кои ги има Управниот одбор на Фондот.

Покрај другото таму се спомнува дека пред донесување на актите Управниот одбор на Фондот го ценеше мислењето кое што го даваа коморите. Факт е дека доколку мислењето беше негативно се преоѓаше на усогласување, а и покрај тоа доколку не дојдеше до усогласување Управниот одбор на Фондотѕ можеше да донесе правилник и покрај негативното мислење на коморите. И ќе кажете сега, тоа е исто. Не, не е исто почитувани колеги, затоа што во тој случај Фондот си преземаше одговорност за спроведување на истиот овој Правилник. И токму поради тоа . . . Јас се извинувам, меѓутоа би сакала да се почитуваме, особено познато ни е непочитувањето на министрите кон пратениците. Но, би го замолила заменикот министер за

момент да го прекине разговорот на мобилен и да ме сослуша она што го говорам.

Ќе продолжам понатаму. Значи, како што кажав дека е важно да се има мислењето и со тоа ќе се вратат одземените ингеренции на коморите, одземените права, а не да им се кратат, затоа што како што реков и со Законот за здравствена заштита во голема мера се скратија правата на лекарската комора со предлогот на новиот закон за здравствена заштита. И очигледна е тенденцијата на оваа Влада, како што реков апсолутно целото здравство да го стави исклучиво под партиски патронат и да може само на тој начин да управува со целото здравство. И за жал, наместо реформи видовме дека веќе завладеа хаос во целокупното здравство само поради тоа што не се сакаше, не се имаше слух да се прифатат некои од амандманите кои што се однесуваа и на претходните измени на Законот за здравствена заштита и Законот за здравствено осигурување. Навистина не ми е јасно што би пречело овој амандман да се прифати и на лекарската комора и на Комората на стоматолозите и Комората на фармацевтите да им се остави правото да даваат мислење во однос на актите кои што ги носи Управниот одбор на Фондот. Токму поради ова мое образложение, мислам дека ако ништо друго очекувам колегите пратеници од парламентарното мнозинство кои што доаѓаат од здравството да застанат во заштита на нивната професија што ја имале пред да станат пратеници, да застанат во заштита на колегите, да застанат во заштита на нивниот еснаф, односно на коморите чии што верувам и тие биле членови до пред 6-7 месеци.

Очекувам поддршка од пратениците од парламентарното мнозинство.

**Љубиша Георгиевски :**Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеника, за гласале 11, воздржано 1, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 13-а по членот 13 поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** За волја на вистината Владата го има прифатено овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Не ве разбирам. Сега Владата не го прифати.

**Никола Поповски:** Вие и нема да ме разберете, меѓутоа предлагачот сериозно разбра.

**Љубиша Георгиевски:** Значи, амандманот е составен дел од Законот. Не е повлечен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 60 пратеници од 64 присутни во салата, за гласале 8, воздржано 3, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Ги молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници.

Според тоа гласањето е валидно.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор.

Има збор господинот Кире Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине претседателе,

Сосема на кратко, бидејќи имавме сериозни забелешки по трите клучни измени што се прават и по тоа што Фондот за здравствено осигурување се прогласува со декрет за купувач на здравствени услуги, а не е спремен и за тоа што се немаше разбирање основицата за пресметување на здравственото осигурување да не се започнува сега. И на крајот, бидејќи се делогира и мислењето на лекарите, односно на лекарската комора, македонското лекарско друштво, фармацевската комора и стоматолошката комора СДСМ нема да го поддржи овој закон. Ќе гласаме против.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе,

Два дена расправаме за овој закон. Еден ден вчера изгубивме не знам од кои причини потрошивме 20-тина илјади евра, односно тој што го организира работењето на Собранието за да синоќа на вестите видиме дека залудно сме чекале ние овде да имаме кворум кога голем дел од пратениците од владиното мнозинство биле на друга средба. Барем ќе беше коректно да не информирате вчера да не го губиме целиот ден и да не трошиме џабе пари на граѓаните.

Јас накратко сакам да го повторам она што и на почетокот на расправата го реков. Овој закон најмалку има врска со здравството. И иако вешто се сакаше да се пренасочи расправата, овој закон има длабоку суштина поврзана со економијата во Република Македонија. Јас сум убеден дека последиците ќе бидат прилично со лош одраз врз македонската економија. Но, очигледно иако можевме да видиме дел од министрите кои што се од економските ресори и во изјавите кои што ги имаат и овде од изјавите на министерот за финансии и дел од пратениците од парламентарното мнозинство кои што се токму од таа сфера од стопанството се свесни и се против

донесувањето на ваков закон. Но, очигледно наоѓајќи се во една ситуација да мора да ги поддржуваат сите предлози на Владата на Република Македонија без разлика колку тие биле добри, или лоши, така ќе го изгласаат и овој закон.

Она што сега сакам повторно да го потенцирам е и тоа дека со едно мавање тепаат уште еден поен, или уште една лага во јавноста од страна на Владата, ќе го образложам со следново. Владата не убедува дека Фондот ќе остане покус за 650.000.000 денари и дека тоа ќе го надополни со средства од буџетот. Но, истовремено сака да сокрие дека од планираните обврски и расходи од Централниот буџет и од буџетските корисници кои што се однесуваат на придонеси за здравство, сега ќе се намалат обврските токму на буџетот. Со тоа што, значи земајќи од стопанството дополнителни средства тие дел од 650.000.000 денари всушност се пари кои што еднаш стопанствениците и граѓаните на Република Македонија веќе ги платиле во буџетот. Што значи двојно им става рака во џебот на стопанствениците и на граѓаните на Република Македонија оваа Влада.

Јас ќе напоменам само неколку податоци. Од оние кои што дополнително ќе бидат оптеретени со измените на Законот за здравство само милион денари месечно се на товар на буџетски корисници. При тоа од нив 750.000 се од корисници од Фондот за здравство, што значи тие ќе бидат од еден во друг џеб ставени, или наједноставно речено македонскиот буџет сега со парите на граѓаните кои што им ги зел однапред и со парите кои што при тоа ќе им ги земе на овие гранки кои што сега дополнително ги оптеретува двојно им зема на стопанството на Република Македонија за да потоа каже дека од буџетот ќе дадеме дотација од 650.000.000 денари. Тоа морам да ви кажам е уште една од вештите лаги и манипулации и рекламирања на Владата на Република Македонија. Да сме живи и здрави времето ќе си го каже своето кој бил во право при донесувањето на овој закон и при пресметките.

Кога зборував за персоналниот данок пред Нова година многу ви се брзаше и малкумина тогаш сватија дека не се намалува персоналниот данок, туку напротив персоналниот данок во Република Македонија се зголемува. Деновиве сите во тоа се убедија, затоа што кога ќе видат зголемување на приходите по персонален данок во Република Македонија при ист број на вработени и при иста просечно исплатена плата во Република Македонија без зголемување на платите, брзо ќе дојдат до заклучокот дека оваа Влада го зголеми персоналниот данок на доход во Република Македонија, не го намали. Исто така, брзо и по овој закон ќе видат кои ќе бидат последиците по дел од стопанството во Република Македонија. Нивните ветувања во јавноста дека за декларациите кои што даваат 4.000, 5.000 денари месечно со тоа ќе им ги намалиле трошоците, а од друга страна ќе им земат по 5.000 евра на одделни субјекти месечно, се само приказни за мали деца. Затоа сметам дека со законот кој што ќе го донесете со последиците ќе се соочиме после неколку месеци, а најмногу ќе се соочиме со последиците после 1 јули 2008 година. Но, можеби тоа е и пракса да се носат закони кои што наводно се реформски во даден момент, а последиците многу покасно ќе ги почувствуваат граѓаните и кога ќе ги почувствуваат веќе е касно за нешто да се измени.

И она што ми засмета во оваа расправа, морам да кажам е и тоа што постојано сакајќи да се оправда овој закон здравствените работници, посебно лекарите сите да ставаат во еден кош, дека сите се корумпирани, дека сите се вклучени во малверзации и неаргументирано да се нанесува штета на еден голем број на граѓани на Република Македонија. Треба да бидеме доста внимателни и на тој план. Јас знам дека дел од пратениците од парламентарното мнозинство не се согласуваат со овој закон. По 100-ти пат ќе повторам и јас кога сум бил во таква ситуација знам како после тоа сум се чувствувал и затоа ги разбирам пратениците од парламентарното мнозинство. Но, би ги замолил посебно некои пратеници да размислат дека носат закон во корист на оние на кои што најмногу ги критикуваат во овој изминат период. Ќе имаме прилика и за тоа да разговараме. Со ова сакам да кажам дека ЛДП нема да го поддржи овој закон. Сметам дека имајќи го во предвид и односнот кој што е на пратениците од парламентарното мнозинство овие 2-3 дена кон сите нас кои што дискутираме за овој закон, дека немаме потреба ни да седиме и да гласаме за овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата за време на гласањето.

За време на гласањето во салата имаше 61 пратеник.

Гласале 56, за гласале 47, воздржано никој, против 9.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување.

**Минуваме на точката 16-Предлог за донесување на закон за туристичките заедници во Република Македонија**

Предлогот за донесување на законот, новото мислење на Владата и дописот на Комисијата за економски прашања, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Најпрвин зборуваме за Законот за туристички заедници во Република Македонија, тоа е всушност предлог за донесување ваков закон, значи прва фаза на ваков закон. Доколку се усвои потоа би требало да следи втора, евентуално и трета фаза се до последното пеглање додека целосно не се суголасат сите заинтересирани страни.

Законот за туристички заедници во Република Македонија се однесува на туризмот, како што и самото име кажува, а јас длабоко верувам дека туризмот е голема шанса за Македонија, голема шанса за економски развој на земјата. Токму за тоа со колегите од ДОМ го промовиравме терминот туризам во политичката терминологија. Веруваме дека во туризмот треба да се вложи, затоа што туризмот со многу малку средства може многу кратко да врати и многу кратко да ја подобри економската состојба во земјата. Но, за да има развој во туризмот,тоа не може ни да се замисли без соодветна доброорганизирана, добро осмислена и одлично спроведена промоција на туризмот. За промоција на туризмот, земји кои што добиваат големи приходи од него, навистина имаат многу солидни вложувања во таа промоција, затоа што без тоа нема ни повратен резултат.

Дозволете ми сосема накусо да го претставам законот за туристички заедници. Тој ги содржи во основа целта на тој закон е да обезбеди еснафско здружување на туристичките работници, заради промоција на туризмот. Тоа му е главната цел и во себе ги содржи дејностите, кои што туристичката заедница би ги опфатила. Тоа значи промовирање на туристичкиот производ за подрачјето за кое е основано, понатаму развивање на свеста за важноста на развојот на туризмот, како општ, државен и национален интерес на сите негови чинители вклучени директно или индиректно во него и тоа е директно поврзано и со зачувувањето на животната средина.

Понатаму, во дејноста на туристичката заедница, секако треба да бидат опфатени и одредени проекти за развој на туристичката инфаструктура и за давање информации за туристичката понуда. А, се разбира, сето тоа треба да биде заокружено со унапредување односно со напори за унапредување на општите услови за престој на туристите низ основање и нудење на целосни туристички понуди, подигање на квалитетот на туристичките и на другите комплементарни услуги, зачувување, информирање на препознатлив и привлечен туристички амбиент за општината, за регионите, за градот Скопје и за целата Република Македонија.

Содржината, покрај дефинирање на туристичката заедница како едно здружување на физички и правни лица, кои остваруваат директна или индиректна полза од туризмот, содржи дејност која што ја опфаќа и која што веќе ја кажав, потоа структурата на туристичката заедница, која што подразбира една разгранета структура на ниво на цела Македонија по општини, по региони, и по туристички места, доколку како такви ги дефинира Министерството за економија, но особено и на ниво на цела Република Македонија како еднасеопфатна заедница која што би ги координирала активностите на сите поединечни делови.

Туристички заедници, ние всушност, сме имале во поранешниот систем, поинаку се викале, се викал туристички сојуз и тој функционирал прилично добро. За разлика од други земји, како Хрватска, како Словенија и други, кои што овие туристички сојузи од социјалистички тип ги рекомпонираа, ги преуредија и ги надградија во современи пазарни услови, Република Македонија ја направи грешката, како и на многу други полиња впрочем, едноставно ги укина и остави се да се сведе само на самостојно иницирање на туристичките работници на нивни невладини здруженија. Се разбира, невладините здруженија се извонредно значајни, јас сум познат поддржувач на невладиниот сектор и никако нема да ја оспорам важноста на овие организирања, меѓутоа, тоа не е доволно. Она што и треба на Македонија за сериозен развој на туризмот е еснафско здружување на туристичките работници. Значи, не на невладино, неформално ниво, туку еснафско, професионално здружување, кое што ќе биде поврзано со работата на Министерството за економија, каде што туризмот како сектор природно припаѓа и кое што ќе се координира во многу активности со државните институции. Значи, токму за тоа туристичките заедници предлагам да се донесат со закон кој ќе биде закон за туристички заедници и очекувам дека ќе се прави разлика од невладино организирање до едно еснафско односно професионално организирање. Онака како што тоа го прават разни цели во државата, како што го прават лекари, психолози, фармацефти, занаетчии итн., кои сите имаат професионални еснафски здруженија, кои што се организирани врз основа на закон и кои што сите се директно поврзани со матичните министерства, каде што одредена област припаѓа. Значи, тоа е суштинската разлика и тоа е нешто што е битно и не гледам ниедна причина зошто туристичкиот еснаф, туристичките работници би биле помалку вреднувани или потценувани да не им биде дозволено или да не им биде овозможено да се организираат на ваков начин. Убедена сум дека, доколку туристичките работници го преземат работењето со туристичката промоција, таа ќе биде далеку, далеку, поефикасна, затоа што логично е тие да се заложат целосно за тоа, бидејќи тие од тоа живеат, тие остваруваат профит од развојот на туризмот. Колку е подобар туризмот, толку Македонија, толку ќе биде и нивниот интерес поединечен поголем. Токму затоа и нивната заложба се очекува да биде поголема во таа насока.

Што се случува денес? Денес и според законите туристичката промоција се прави преку дел од таксата за привремен престој, која што се собира и која што дел оди 20% за државата, 80% за

локалната самоуправа. По правило би требало најголемиот дел од таа такса да се користи токму за туристичка промоција. Меѓутоа, сведоци сме дека тоа не е така. Сведоци сме дека многу, многу мал дел од средствата се користи за туристичка промоција и ние честопати сме соочени со ситуација да се стеснуваме просто кога треба на меѓународен план да ја претставуваме Македонија, ние сите пак како пратеници сме соочени со ситуација да немаме соодветен промотивен материјал за Македонија како туристичка дестинација, па така доведени сме во ситуација, која што туристичките работници вака ја опишуваат, тешко е да промовираш некое место, некој локалитет, некој туристички објект, ако не ти е промовирана државата како туристичка дестинација. Тоа е суштината, Македонија мора да биде промовирана како туристичка дестинација и на тоа треба да се потрошат соодветни средства, наменски, затоа што само така ќе биде многу полесно потоа да можеме да ги промовираме и одредени локалитети, туристички атракции, културно богатство итн., сето она што го имаме на територијата на Република Македонија.

Инаку, што се однесува споредбено, овој концепт на формирање на туристички заедници постои во земјите и во регионот и во Хрватска и во Словенија, постои и во Италија, во Австрија, така што она што нам ни послужи како основа беше всушност хрватското законодавство, кое што се повикува на австриското и на италијанското законодавство. Инаку, за ваша информација на територијата на Европа постои Европско здружување, Европска туристичка заедница и исто така  постои Светска туристичкиа заедница како една многу широка асоцијација, која што има огромен број субјекти во туризмот, со вкупно над 65 милиони вработени лица. Значи, тоа се многу моќни асоцијации, многу јаки, многу добро организирани. Имав прилика да се сретнам со претседателите и на европската и на светската туристичка заедница. Кога претстојуваа во Скопје од прилика месец и половина можеби беше и со нив директно да поразговарам околу функционирањето на туристичките заедници и околу овој концепт кој што денес се предлага.

Инаку, во основата можете да видите дека како пратеник имам предложено пет закони, сите се во прва фаза како предлози за донесување на закон. Тоа е матичниот закон и основниот закон за туристички заедници и четири дополнителни закони кои што се предложени како усогласување со другата регулатива. Едниот се однесува за такса за привремен престој, другиот се однесува за туристичка инспекција и последните два се однесуваат на законот за туристичка дејност и законот за угостителска дејност. Последниве два се многу мали закони, измени на закони што ги прдлагам, кои што единствено главна цел има да ги внесат овие промени со туристичката заедница во регулативата на тие закони за да се направи целосна заокружена рамка. Меѓувреме, веднаш овие предлози и размисли беа испратени до Министерството за економија и по консултации и разговори со нив дојдовме до заклучок дека тие бидејќи сега се наоѓаат во фаза на изготвување на поопсежни и подлабоки измени и дополнувања на законите за угостителска дејност и за туристичка дејност и дека во тие поопсежни измени ќе ги предвидат и можностите за внесување на туристичките заендици односно за организирање на туристичките работници во одредени членови. Сметам дека не би било потребно и не е неопходно да се повторуваме, така што јас би ги повлекла тие закони, најавувам и сега, бидејќи насокоро ќе ги имаме овде во Собрание, каде што она што јас го предлагам ќе биде опфатено, а се разбира ќе има и многу поопсежни и подлабоки измени, онака како што Министерството проценува дека е потребно.

Што се однесува до предлогот за донесување на закон за туристичка инспекција, низ јавната расправа што ја организиравме заедно со колегите од Комисијата за туризам при ДОМ и заедно со невладините организации ХОТАМ и АТАМ, увидовме дека навлегување во некоја промена на концептот на инспекциите во оваа фаза од развојот на нашиот економски систем, веројатно би предизвикало проблеми и дека не би било упатно на тоа да се инсистира, така што уште во текот на расправата јас најавив дека, исто така, најавив законот за туристичка инспекција и останувам на тоа што постои во моментов, значи постоечките случби, постоечките инспекции со едно подобро организирање да постигнат подобар успех, сметајќи дека формирањето на туристички заедници ќе биде добар стимул за подобра работа и на инспекциските служби, затоа што веќе ќе имаат зајакнување, да речам, во надзорот, во стимулансот за работа и верувам дека тоа секако ќе даде и соодветни резултати.

Што се однесува до Законот за такса за привремен престој, во него беше предложено одреден дел од таксата да се издвојува за функционирање на туристичките заедници. Притоа, дел од таксата се предвидуваше да биде одземена од делот што сега и припаѓа на локалната самоуправа. Која беше идејата? Идејата беше дека доколку се развие еден ваков систем на еснафско здружување и поврзување со Министерството за економија, со инспекциските служби, со државните институции, дека на таков начин со една организирана акција ќе се постигне многу поголемо собирање на такса за привремен престој и дека во тој случај оној дел кој што сега и припаѓа на локалната самоуправа ќе биде далеку, далеку поголем и некое мало одземање за функционирање и за промоција кое што би се одвоило од страна на туристичките заедници, би било незначително, затоа што крајниот ефект би бил максимално полезен за локалната самоуправа, практично не само што не би и се намалиле, туку би добила и повеќе. Меѓутоа, на јавните расправи што се спроведоа, од една страна видовме многу силна поддршка од страна на сите туристички работници кои присуствуваа

на таа јавна расправа. Еве, овде имаме и писмени поддршки од посебни субјекти од туризмот кои што дадоа поддршка за овој концепт и за ваквиот начин на работа на туристичкиот еснаф, но додека имаше речиси неподелена поддршка од страна на туристичките работници, имаше комбиниран различен приод кај локалната самоуправа. Оние кои што ја разбраа идејата и сфатија дека тоа ќе биде во нивна полза, силно го поддржамандманот овој концепт и исто така имаме и писмени поддршки од таа страна, од градоначалници кои припаѓаат и на позиција и на опозиција, значи независно од припадноста, едноставно луѓе кои што реално го согледале концептот, но од друга страна кај некои припадници од локалната самоуправа имаше страв дека некоја прераспределба на таксата би значела одземање на нивниот приход. Интересно е дека при тоа сите заборавија на една основна работа, дека колкава и да е таа такса што се прибира од туризмот, таа треба наменски да се употреби за промоција на туризмот. А, тие тоа не го прават или го прават во незначителен обем.

Но, како и да е во политиката треба реално да се согледаат можностите, приемчивоста на различни субјекти кои што се инволвирани во одреден процес, кои што можат да бидат засегнати од одреден процес и треба да се постапи така, за да има на крајот најголем ефект односно за да може да се спроведе законот во одредени рамки и во одреден амбиент. Токму поради сето ова јас писмено напишав писмо, писмено обраќање и до ова Собрание и до Министерството, каде што токму тој член 8 кој што зборува за распределбата на таксата, за привремен престој го избришав како таков и го видоизменив со тоа што оставив отворено, бидејќи ова е прва фаза, тоа е сосема лоегитимно и тоа е пракса и во други закони, како отворено прашање дека таксата би се распределувала меѓу државата, локалната самоуправа и туристичките заендици во однос кој што дополнително би бил утврден во следната фаза, низ консултации со државните органи и со претставници кои што ќе бидат заинтересирани во текот на јавната расправа.

Значи, ова писмо беше напишано со најдобра намера да се олесни расправата и да се отстрани оној член кој што можеше да создаде вакви или такви размисли и беа исто така одповикани уште неколку членови, се со цел да не се завлекува во детализирање и во бројчани пресметки, затоа што она што мене ми е битно и она што мислам дека е битно и треба да му е битно на секој пратеник во првата фаза, кога се зборува во прва фаза за еден закон тоа е концептот. Имајќи, го сето ова предвид, јас овој пакет од пет закони сега го сведувам на еден закон, првиот водечки закон, тоа е Законот за туристички заедници, за кои што сега дискутирам на оваа седница, додека еве и во текот на оваа расправа, јас најавувам дека останатите закони ги повлекувам, така што, претседателе, ве молам, тоа да го имате предвид, па доколку во расправата некој ги дискутира другите закони или другите аспекти, да не губиме време, да биде на тоа укажано.

Да завршам со законот за туристички заедници. Реков, иницијатива од невладин сектор потекна, иницијатива беше на ХОТАМ кој што го има доброто искуство од нивните колеги од Хрватска, кои пак од друга страна беа компатибилни со италијанското и австриското законодавство и соработката со невладиниот сектор посебно ја нагласувам, бидејќи верувам дека политичарите на таков начин треба да работат во многу случаи и дека невладиниот сектор токму затоа и постои, за да дава сугестии за измени на закони, да биде коректор на работата на законодавната и извршната власт и соработката со него е навистина скапоцена.

Понатаму, овој текст беше разгледан на Комисија за туризам на ДОМ, по што следеа трибини со туристички работници и експерти и конечно откако беше видена првичната приемчивост на законот, се пријде кон конкретна изработка на законот во соработка со службите на Собранието и со професорот Зоран Тунтев од факултетот за туризам во Охрид. Дури потоа повторно следеше јавна расправа по конечен текст на законот низ Македонија во неколку градови и по сите тие согледувања следеа оние постапки кои што јас веќе ги спомнав.

Значи, конечно ве замолувам добро да го прочитате законот за туристичка заедница. Тој е во основа сосема едноставен закон по својата структура. Таков сличен е и законот за занаетчиство во оној дел каде што се однесува на формирање на занаетчиска комора, занаетчиско здружување, а такви заедници постојат во другите фели и другите професии.

Јас ги замолувам колегите пратеници за отворена дебата, за отворена дискусија зошто очекувам многу сугестии, забелешки отворени за законот, затоа што навистина верувам дека само низ отворена расправа, со надоградување на законскиот текст можеме да дојдеме до солидна основа и во втората фаза да имаме една исполирана, така да речам структура. А, доколу процениме дека и во втората фаза е потребно пак надоградување не би било на одмет да се оди и во трета фаза.

Конечно верувам дека треба да го направиме она што го направиле многу развиени земји пред нас. Значи, да го организира својот туристички еснаф за да можат да го организираат својот туризам, да му посветиме сериозно внимание на туризмот, да пријдеме сериозно кон него. Тоа е една многу сериозна област од стопанството, тоа се повеќе гранки споени во една дејност и верувам дека на таков начин ќе можеме да ја подобриме нашата економија, да намалиме голем број од нашите невработени кои што ги имаме сега и што е за мене особено важно верувам и за сите вас овде како пратеници да можеме организирано, систематски да ја промовираме Македонија како една убава, чудесна, волшебна и возбудлива туристичка дестинација кон која што ќе дојдат

многу туристи од светот. Но, да им ја доближиме и на македонците како жители на Македонија затоа што не ретко и ние самите не ги знаеме сите ќошиња од Македонија, сите убавини кои што се скриени во нив.

Ви благодарам, отворена сум за дискусија, за дебата и ги очекувам вашите сугестии и забелешки. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** И јас ви благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска.

Повелете вашите три минути.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе,

Почитувана колешке Лилјана Поповска, сега треба да се заблагодарите на пратениците од опозицијата затоа што доколку не бевме ние и дозволевме да помине вашиот предлог на Деловникот за скратување на времето и ограничување на времето за дискусии на 10 минути, вие нема да можеше да го образложите предлогот за донесување на закон и ние ќе бевме хендикепирани да го сослушаме ова ваше образложение и да ги слушнеме сите ваши заложби, и вашиот севкупен ангажмен кој што сте го вложиле за да го подготвите овој предлог на закон.

А богами и пратениците од парламентарното мнозинство нема да можеа да отидат на кафе пауза затоа што ќе имаа само 10 минути, но во тој случај ќе имавме една придобивка, немаше само 6 луѓе да ве слушаат, туку можеби повеќе од пратениците од парламентарното мнозинство.

А ви беше потребно 20 минути да ни образложите, затоа што ова што го добивме од Владата навистина говори за еден крајно несериозен пристап кон пратениците, па дури и кон пратеник кој што ја подржува Владата односно е дел од парламентарното мнозинство. Имено, законите беа ставени на 19.02 на седницата на дневен ред за мислењата од Владата да стигнат во вторник. Значи, седницата е закажана 10 дена пред тоа, уредно од почитуваниот претседател за мислењата од Владата да стигнат на 7.03 првото, кое што е негативно и 6 дена покасно второто мисење по истиот закон кој што веќе дава поинаква насока односно вели дека треба да се прифати.

Значи, што се однесува до пратениците и претседателот на Собранието си ја обавиле добро работата, но во овој случај, како што и во многу други затајува Владата и за да биде појасно ќе ви кажам со сите забелешки што ги има Владата во своите мислења во еден голем број на членови на крај вели дека овој закон покрај другото ќе предизвика и дополнителни фискални импликации по Буџетот на Република Македонија и поради тоа предлагам да не се усвои односно да не го прифати Собранието на Република Македонија предлогот за донесување на закон. За, само 6 дена покасно, после сета онаа фарса на која што сите бевме сведоци почитуваната колешка Лилјана Поповска беше тука, па излезе, па се кажа дека не е тука, за да се договорат, но и тоа е нормално во парламентарната демократија и да ни достави друго мислење со кое што ни сугерира да го прифатиме предлогот за донесување на закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам почитуван претседателе,

Почитувана колешке Роза Топузова Каревска вие знаете дека и во изнуден деловник, кој што верувам дека ќе го донесеме со одредена процедура е регулирана време на дискусија. Предлагачите имаат подолго време од 10 минути за излагање, така што и во друг случај јас секако би имала можност слободно да се искажам, би била малку поконцентрирана, веројатно би имала малку повеќе концентрација во салата и други поорганизирани услови до кои што верувам дека ќе дојдеме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

А сега да поминеме на дискусија.

Инаку, прочуениот Аристотел велеше: “Од доброто и малку е доста”. Склон сум да поверувам на тоа.

Има збор господинот Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе, почитувани колеги

Со колешката Лилјана Поповска се сложувам само со една работа дека навистина во туризмот треба да се вложи и има потреба дополнително вложување, но не можам да се сложам со ниту еден нејзин предлог на закон, кој што ни ги достави денеска и кои што дојдоа во собраниска процедура.

Имено, ќе напоменам дека првично Законот за угостителски дејсности е донесен во септември 2004 година во согласност со политиката која што тогаш се спроведуваше за децентрализацијата.

Овој закон е усогласен со европското законодавство чие што спроведување го следеше и го одобри Секретаријатото за европски прашања со мислење на Владата. Одобрено е од Комитетот за децентрализација. Во неговата изработка учествувале и странски експерти ангажирани за усогласување на домашното и европското законодавство. Не дека овој закон, стар закон за кој што дискутирам, за угостителство и туризам е совршен или добар, но ќе напоменам дека треба да се извршат одредени промени на тој закон, но не на ваков начин и со вакви предлози на закони кои што ги достави колешката Поповска.

Имено, станува збор за изнесени инсинуации од нејзина страна. Поточно ќе напомнам дека здружувањето на туристичките работници и на туристичкиот еснаф и денеска е присутен. Тоа ќе го докажам со стариот закон за туризам во кој што во член 1 и во член 2 од Законот за вршење на туристичка дејност се предвидува такви

здружувања и вршење на одредени услуги. Тука дури децидно се прецизирани услугите: транспорт, сместување и други туристички услуги, да не ги набројувам со ред.

Здружувањето во еснафот и ден денеска е присутно. Она што таа го напомна како здружување, невладино здружување на хотел Јадран јас ќе напомнам дека тие не се невладини организации госпоѓо Лилјана Поповска, туку тие се членови или здруженија при Комората на Република Македонија...

**Љубиша Георгиевски:** Јас се извинуам за момент, но се надевам дека ќе ме разберете.

Вие сега говорите за еден од законите кои предлагачот ги повелче.

**Цветко Гроздановски:** Не господине претседателе. Станува збор за предлог за донесување закон за туристички заедници во Република Македонија. Имаме уште пет други.

**Љубиша Георгиевски:** Добро , значи јас сум во заблуда.

**Цветко Гроздановски:** Ќе напомнам дека со овој закон кој што е првично поставен, значи мора да помине тој за да можеме да ги усвоиме и наредните. Затоа е така даден. Првично да се усвои предлогот на законот за туристичките заедици, а подоцна инспекциските и ред други.

Она што сакам да го напомнам е следното: во нејзиното излагање имаше изнесување на одредени инсинуации во смисла на тоа дека станува збор за невладени организации, како што биле Хотлан и Атлан. Значи, на ваков начин здружување во туристички заедници би можело да го здружи еснафот и да имаме подобри услови. Јас ќе напомнам само дека и ден денеска здружување во еснафот настанува точно со она што се нарекува Хотлан како здружување на хотелските туристички работници и Атлан здружување на агенциските туристички работници. Значи, еснафот е здружен. Не знам за што станува збор тука за некое ново здружување.

Ќе напомнам само уште една работа.

Не е точно дека не се здружени, затоа што во Министерството за економија постои кластер за туризам, што значи дека туристичките работници точно се здружени. Она што би сакал да го нагласат е дека овој закон е спротивен со законот за децентрализација. Одземањето на одредени деловни субјекти кои што во дадената ситуација го пуштаат овој предлог на закон се точно тие заедници на Хотлан и Атлан. Инаку за јавноста точно да знае ќе го напомнам и следното.

Во основа Хотлан и ден денес им зема на хотелиерите месечна членарина која што е едно евро од легло. Ќе напоманм само на локално ниво од каде што јас доаѓам, затоа што доаѓам од туристичко место и сме директно засегнати. Тоа е Охрид. Ќе напомнам само дека во Охрид има 4209 легла кои што се пријавени како хотелски легла. Секој месец се земаат средства како члaнарина од страна на здружението Хотлан. За возврат овие хотелиери не добиваат буквално ништо. Јас оттука си го поставувам прашањето - дали ние треба децидно да го менуваме законот или начинот на размислувањето за развојот и иднината на туризмот. Сепак мислам дека треба да го промениме повеќе начинот и размислувањето за туризмот.

Во минатите денови во Вест излезе статија во која што вели “во Германија македонскиот штанд беше претставен на одредена квадратура, не забележана, со 4 постери од градот Охрид и со неколку флаери”. Ќе напомнам дека дадените средства, кои што рекоа дека би коштало околу 7 илјади евра, така пишуваше во статијата не се ништо ако еснафот сака да биде презентиран, ако Република Македонија сака да биде презентирана на одредени вакви дестинации, европски треба да се вложи многу повеќе, како што вложила Република Хрватска. Станува збор за едно 20-на пати поголема цифра. Ќе го напомнам и следното

Ниту Хотлан ниту Атлан од своите средства и од својата членарина не подпомогнале кон подобрување на условите за презентирањето на македонскиот туризам.

Госпоѓо Поповска точно е дека учествувавме на одредени дебати, јас бев присутен на една дебата во Охрид во која што за жал, спомнувате само еден универзитетски професор кој ви дал одобрние. Таму имаше уште 4 други професори од кои, за жал, никој не даде подршка на овој предлог на закон. Зошто не го кажете тоа? Зошто не кажете дека освен Хотлан кој што буквално ги исфрли материјалите од раце затоа што сите се спротиставија и научните работници, и еснафот од Охрид. Да не заборавиме само дека не се само хотелските објекти, оние кои што треба да бидат здружени или оние кои што треба да го сносат товарот на туризмот во Република Македонија, или во Охрид од каде што јас доаѓам.

Ќе напомнам дека имаме и семејни бизниси, оние ситни занаетчии, или стопанственици кои што живеат и работат од издавање на одредени апартмани. Па, нивното мислење беше сосема спротивно од овој закон. Во суштина, ќе бидам малку вулгарен, ќе ми извините што ќе го употребам тој збор, но буквално да не бевте исфелени. Ние кога излеговме надвор се договоривме дека овој закон не е добар, јас тоа реков, јас ќе го потврдам тоа пред јавноста, пред македонската јавсност, пред охридската јавсност дека ќе ме повикате, ќе седнема ќе разговараме околу можноста за промена на законот. До ден денеска од вас никаква покана не добив ниту јас, ниту моите колеги пратеници кои доаѓаат од туристичките места како што се Охрид, Преспа, Струга, Дојран, па и другите туристички места како што се Шапка, Тетово, или Маврово. Јас ќе напомнам едно.

Не се согласувам воопшто со ваквиот предлог на закон. Со овој предлог на закон кој што вие го предлагате за туристичка дејнсот целосно се одземаат надлежностите на локалната самоуправа...

(Пратеникот Лилјана Поповска зборува од место - не постои тоа, тоа е повлечено...)

Јас би сакал да дискутирам, ако е повлечено ова е прва фаза, вие зборувавте исто така...

(Пратеникот Лилјана Поповска зборува од место - зборувате за непостоечко...)

Ама ќе ве молам госпоѓо Поповска немој да ми упаѓате во збор...

**Љубиша Георгиевски:** Имате право на реплика, јавете се за реплика.

(Пратеникот Лилјана Поповска зборува од место со не вклучен микрофон...)

**Цветан Гроздановски:** И јас сакам да зборувам за оние закони кои што јас ги добив без разлика дали вие ги повлековте, затоа што ова е прва фаза. Јас зборувам дека во првата фаза вие сосема добро, смислено ги повлекувате другите закони и го пуштате во процедура само првичниот, законот околу здружението поточно законот за туристички заедници во Република Македонија.

Јас ве убедувам дека и ден денес ние имаме такво здружување и кажувам дека со самиот закон се предвидува вакво здружување. Вие тука давате и можност. Народот би рекол вака, со овие закони доколку бидат усвоени има една изрека "кадија те тужи, кадија те суди". Не можеме да направиме една невладина организација или здружение на граѓани кое што ќе биде и ќе се нарече здружение или туристичка заедница на Република Македонија или на град Охрид е да ваквите заедници ги собираат таксите од даночните обврзници одноно туристичката такса. Тогаш би се случило сите оние кои што работат или кои придонесуваат во одредена сфера, формираат одредено здружение или како што вие ги нарекувате тука заедници и бараат ДДВ, буквално, пластично ќе се изразам ДДВ да го собираат тие. Каде е крајот?

На крај краишта точно е тоа дека овој закон е преведен од хрватскиот закон за туризам, но ќе ви напомнам и едно нешто кое што во другите закони го предвидуваат. За да поминат овие закони потребна е уставна промена. Член 26 од Уставот на Република Македонија вели "Се гарантира неповредливоста на домот". Значи, правото на неповредливост на домот може да биде ограничена единствено со судска одлука кога е во прашање одкривање или спречување на кривични дела или заштита на здравјето на луѓето. Не можете инспекциската служба...

(Лилјана Поповска од место - без вклучен микрофон вели - за што зборувате Цветко...ј)

Јас ќе ве молам претседателе сакам да ми се овозможат услови...

(И понатаму пратеникот Лилјана Поповска коментира од место - ова е калсична инсинуација ве молам, ова не постои)

Јас мислам дека ве сослушав и редно е да ме сослушате. Еве и колешката Топузовска...

**Љубиша Георгиевски:** Молам, десет минути пауза.

(Пауза од 17,10 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,30 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со седницата со големи надежи дека до 18,00 часот може ќе смогнеме сили да ја завршиме.

Повелете господине Цветко, јас ве прекинав, се извинувам, но сега потрезвено се надевам ќе говориме. Повелете, завршете ја вашата дискусија, после тоа за збор се јави госпоѓа Лилјана Поповска, веројатно за реплика. Повелете господине.

**Цветко Грозданов:** Благодарам господине претседателе.

Јас повторно ќе се навратам на она што е Предлогот за донесување на закон за туристичка заедница на Република Македонија.

Би сакал да напомнам дека со овој Предлог на закон оваа туристичка заедница би претставувала невладино здружение или заедница која заедница вака организирана не би можело и не би смеело законито да ја собира туристичката такса. Ќе напомнам дека во 2005 година на ниво на Република Македонија она што е пријавено се 1.500.000 ноќевања од кои 1/3 од градот од кој доаѓам јас - Охрид.

Затоа моето залагање е овој Предлог-закон кој се нуди да не биде усвоен како ваков.

Вложувањата во туризмот реков дека треба да се поддржат, во секој случај, тоа е за поздравување. Не може да се каже дека една ваква заедница би можела да го води националниот интерес или да ја води националната стратегија за развој на туризмот во Република Македонија. Во сите големи европски земји, ќе напомнам дека главна улога и координативна улога помеѓу ваквите заедници, ја има државата. За жал, во телата кои треба да бидат формирани во ова здружение, само еден би бил претставник од државата. Тука не би имале никаква контрола врз она што се нарекува национална стратегија, реализација, како што во првичниот член вели "Здружување на заедниците кои ќе остваруваат директна или индиректна полза од туризмот".

Јас ќе напоменам дека овде станува збор за полза од туризмот, поточно полза на поединци од туризмот, така би го нарекол.

Друго што сакам да напоменам е дека Република Македонија е во тек со подготвување на Национална стратегија за развој на туризмот. Доколку сакаме понатаму да имаме добро видување за развој на туризмот во Република Македонија, потребно ни е надградување на веќе постоечкиот Закон за туризам и може да се предвиди формирање на една агенција за туризам која ќе биде контролирана од државата. На ваков начин средствата кои ќе бидат собирани од таксата со Управата за јавни приходи и со сите други институции би завршиле на вистинското место.

Од она што се нарекува здружување во општините, член 5, би напомнал дека не ќе може да се здружуваат толку ситни, како што се наведува тука, здружување и на месните заедници, сметам дека е неиздржливо, ако оние закони кои ги повлече госпоѓа Поповска, тогаш би се направило хаос во туризмот во Република Македонија, а не правење на закон кој би ги регулирал овие односи.

Туристичката заедница на Република Македонија се основа заради градење и промовирање на идентитетот и на угледот на туризмот на Република Македонија. Планирање и спроведување на стратегијата и на концептот на туризмот на национално ниво. Како можеме да кажеме дека сето ова ќе биде спроведувано и контролирано за она што е националниот интерес кога невладини организации или заедници ќе сакаат да стопанисуваат, поточно да го контролираат туризмот во Република Македонија. Мислам дека е недопустливо.

Во членот 34 "туристичката заедница на Република Македонија ги извршува следните задачи: ја обединува севкупната туристичка понуда на Република Македонија", па и денеска се обединети. Обединети преку ХО-ТАМ, преку хотелиерите, обединети преку А-ТАМ и преку кластерот кој се наоѓа во Министерството за економија.

Во членот 34 "Врз основа извештаите на туристичката заедница го следи, анализира и оценува спроведувањето на плановите и програмите, утврдени задачи и улогата на туристичката заедница со посебен нагласок врз правилното и уредното трошење на средствата". Не можеме да кажеме дека ќе имаме правилно и уредно трошење на средствата, доколку допуштиме невладини заедници или здруженија го контролираат правилното трошење на средствата, а исто така го контролираат и она што се нарекува категоризација на хотелите и објектите кои се занимаваат со туристичка дејност.

Она што кажав на почетокот кадија те тужи, кадија те суди. Значи, не ќе може и не држи. Затоа, јас предлагам госпоѓа Лилјана Поповска да го повлече овој закон за туризам, поточно формирање на законот за туристички заедници во Република Македонија со тоа што би можеле да го регулираме со формирање на една агенција за туризам која ќе биде под капата на државата што во најголем дел, ќе повторам во најголем дел ќе им ги врати средствата на оние туристички работници од каде се црпат средствата,а тоа ќе биде во локалната самоуправа.

Не може на туристичките работници или на угостителските работници средствата или туристичката такса да ја собираат невладините организации. Никаде тоа не може да го видиме ниту ќе го видиме, непоимливо е. Затоа реков, уште еднаш нема да го поддржам овој Предлог на закон, сметам дека и колегите пратеници нема да го поддржат и во едно догледно време се надевам дека сите стручни и еминентни лица кои работат во туризмот и оние кои припаѓаат на хотелиерското работење и оние кои припаѓаат на агенциското работење и оние кои имаат семеен бизнис, поточно занаетчиите, претставувани од група луѓе, ќе дадат свој придонес околу формирањето и она што се нарекува носењето на промена на Законот за туризам во кој ќе оформиме една агенција за туризам која ќе има седиште во Охрид. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика за госпоѓа Лилјана Поповска, повелете вашите три минути.

**Лилјана Поповска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Колега Грозданов, јас навистина не можам да сфатам, многу пати зборувавме и на дебатата во Охрид пред тоа и по тоа како може да не разликувате невладина организација од професионална организација. Токму на тоа го ставив акцентот и сега. Не се носи со закон невладина организација. Невладина организација си има друг закон за кој се носи. Ова е еснафско, професионално здружување какво што имаат адвокатите, лекарите, психолози, фармацевти, занаетчии, сите тие се настанати со закон и немојте колега Грозданов да ми кажувате требало Устав да се менува за овој едноставен закон да се донесе, па немојте ве молам, па зарем сите тие закони кои се донесени за еснафско здружување ќе треба да се косат со Уставот. Ова е правено по аналогија на сите тие еснафски закони за еснафско здружување.

Понатаму, јас ве молам да не дискутираме за она што не постои.Во Законот за туристички заедници никаде не зборува за собирање на туристичка такса, нема ни збор ни "с" од собирање. Затоа ве молам за тоа да не дискутираме. Идеата е да се организира туристичка заедница која заедно еснафот ќе се здружи за поорганизирано да ја прави промоцијата на туризмот во Македонија.

Инаку, гледам дека почнавте и завршувате со агенција за туризам. Можеби и тоа треба да се направи, можеби Секторот за туризам треба да премине во агенција за туризам, зошто да не, немам ништо против. Меѓутоа, нема ништо да ја замени, не може каква и да е и колку да е совршена и добро организирана државна институција од 5-6 или 15 луѓе не може да ја замени еснафската организација од стотици, од илјадници луѓе. Тоа е суштината. Друго е 5-6 души што ќе можат да направат за промоција на туризмот, тие ќе си имаат своја задача, свои насоки директно од државата, но друго е ти да имаш еснафско здружение кое ќе го разбранува туризмот во земјава и која ќе го промовира на секаде низ светот. Во тоа е суштината. Па, немојте да ми кажувате дека никаде во светот не постои, па јас лично сум се сретнала со тие луѓе претседатели на туристичка заедница на Европа, на светот. Па ви спомнав дека на светско ниво имаат над 65 милиони вработени, тоа е испреплетена мрежа од луѓе еснафи и не е точно

дека постојат. ХО-ТАМ и А-ТАМ се здруженија невладини по дефиниција, регистрирани на хотелиери и на туристички агенции, меѓутоа, не постојат само 100-200 туристички работници во Македонија, постојат илјадници. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Грозданов, вашата минута, повелете.

**Цветко Грозданов:** Ќе кажам само дека ги испреплетувате работите или ги превртувате. Не се невладини, туку се здруженија при Комората, поточно при Стопанската комора. И едното и другото здружение се здруженија при Стопанската комора. Јас ќе напомнам само едно, вие имавте дадено, сега ги повлековте, во ред, но собирањето на туристичката такса, пак ќе се вратам на она што е најбитното во дадениот момент, тогаш ќе дојдеме во ситуација и лекарите да се здружат и да направат вакви заедници за обединувањето на еснафот и да бараат ДДВ-то да му биде повратено.

Ако одиме за чисто професионално здружување на самите, ќе напомнам дека постои веќе ХО-ТАМ, тоа ви е здружение на хотелиери, постои А-ТАМ, тоа ви е здружение на агенциско работење, значи нема потреба од донесување на Предлог на закон за туристички заедници. Сепак еснафите се здружени. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам

Има збор господинот Веле Митаноски, повелете.

**Веле Митаноски:** Ама ќе ми продолжите за одземеното, мислам ако не завршам во рокот.

После неколку одлагања, презакажувања, договори и преговори најверојатно и поради некакви нагодби и отстапки, конечно нашата историска 31-ва седница го отвора пакетот закони од сферата на угостителството и туризмот кој дел, во меѓувреме, како што добивме мислење од Владата дека таа оценила цитирам “Нема потреба од донесување на тој целосен пакет”, вчера наеднаш добиваме ново мислење со кое нашата Влада цитирам “Го повлекува претходното доставено мислење по Предлогот за донесување закон за туристички заедници”, поедноставно кажано, Владата од пакетот го прифаќа само овој закон, а останатите ги одбива.

Секако Владата има право на тоа, но зошто само овој закон. Зошто не ги прифати и останатите односно ако веќе ресорното Министерство за економија е тоа што ќе го работи овој пакет, тогаш зошто се иззема законот за туристички заедници, дали е недоверба кон Министерството, во исто време кога Владата, нека ми извини колешката Поповска на аризаниот закон што го прифаќа сериозно му ги брои забите. Се разбира ова го говорам и од аспект на партијата на која и припаѓам НСДП, а која во овој момент ја носи одговорноста за оваа сфера. Дотолку повеќе што и во партиските комисии на НСДП и во Министерството за економија се работи на стратегија за долгорочен развој во угостителството и туризмот од која би било нормално да произлезе целата законска регулатива. Тоа е причина повеќе да соопштам дека НСДП и јас нема да го прифатиме Предлогот, се разбира не поради цитирам “Непринципиелното партнерство” како го нарече една наша колешка. Значи, дополнителното прашање зошто не се чека тој стратешки документ од Министерството за економија сеедно што законот се усвојува во две фази, брзо ќе поминат тие 60 дена, за кое време верувам дека нема да се мачиме за да не се омачиме, што би рекла една празноговорна колешка, која цел ден пека по пратениците на НСДП.

Почитувани колеги, кога го усвојувавме Законот за ратификација на Спогодбата за туристичка и културна соработка помеѓу Македонија и Хрватска, јас по малку невообичаено за такви прилики направив една историска ретроспектива од Миладиновци и Штросмајер до Охридско и Сплитско културно лето односно Дубровничките летни игри. Што се однесува до туризмот и угостителството, Хрватска ја лоцирав како дестинација од каде Република Македонија ги црпеше своите теоретски и практични искуства. Тогаш кажав дека Македонија односно нејзините кадри учеа, т.е. земаа, но и даваа. Сеедно дали во културата и туризмот. Хотелот “Македонија” на “Инекс-Горица” од Охрид во Дубровничката регија срцето на хрватското угостителско туристичко стопанство реков дека беше круната на таа взаемна соработка.

Од вас и од оние што во денешното мое излагање ќе најдат нешто веќе кажано или веќе прочитано, сакам да побарам разбирање. Законите се одамна поставени на дневен ред, па се уште присутното новинарско во мене не издржа, а да не ги обелодени моите ставови. Но, сеедно, ние денеска расправаме по еден законски проект за кој на една претходна трибина во Охрид инспираторот, предлагачот Поповска, отворено кажа дека е препишан од хрватски закон од 1994 година со потписите на тогашниот и сегашниот хрватски претседател. Иако таму имаше заједливи коментари, мислам дека проблемот не е во ресавијата, секогаш е добро да се учиме од понапредните од нас, но проблемот е во применливоста. Колку ние со нашите потенцијали и ресурси односно реалните кадровски можности можеме да ја пресликаме хрватската легислатива во услови кога не сме ја претресле темелно материјата. Дури и во форма на институционална смисла на пример институцијата министерство за туризам, потоа да кажам дека тој ресор го инкорпорира и поморството и така треба да стои во текстот. Во нашиот закон се заменува со институција Министерството за економија. Се друго е исто, ама не е исто кога имате еден комплетен владин ресор и кога во едно министерство од друга страна како што е нашиот случај имате некакво одделение или Сектор за туризам, затоа јас и во тогашната прилика кажав, а сега ќе повторам, дека предметот на овој закон формирање на заедница во никој случај не може да ја супституира потребата од постоење на самостојно тело или орган колку за почеток во

форма на агенција за туризам и угостителство, за што зборуваше колегата од Охрид.

Имено, ова прашање е едно од програмските начела на НСДП, за што нормално ќе инсистираме во расправата. Дотолку повеќе што ваквото решение го отвора и прашањето за некомпатибилноста односно дали една форма сега велиме заедница, како форма на здружение на граѓани по дефиниција невладина институција може да биде компатибилна со еден владин ресор, во случајот Министерството за економија под чиј чадор, барем формално, треба да суштествува.

Почитувани колеги, штом веќе не можеме Владата и колегите да ги убедиме или можеби ќе ги убедиме во грешките во чекори што ги правиме, не ни останува ништо друго освен да спасиме што може да се спаси.

Затоа ќе ми дозволите уште неколку начелни погледи и ставови, а потоа и неколку предлози за интервенции во одделни членови од Предлог-законот. Ова дотолку повеќе што се работи за прво читање на еден закон што го носиме во редовна процедура.

Сакам уште еднаш да нагласам, сите законски проекти што ја запазуваат потребата од редовна процедура, со обврзувачка јавна расправа, ќе имаат посебен третман и внимание од мене, а како што знаете и од мојата пратеничка група, тоа е НСДП. Се разбира, особено за проекти што произлегуваат или би требало да произлегуваат од министерствата, за кои во овој случај и во овој момент одговорноста ја носи НСДП. Во случајов Министерството за економија, каде веќе кажав, се работи за еден базичен документ, Стратегија за развој на угостителско-туристичка дејност заедно со еден сет закони од оваа област во кои што ќе бидат инкорпорирани истражувањата, сознанијата и препораките за развој на научната и стручна мисла, пред се од МАНУ, како и други претходни стратешки проекти, како на пример Мастер планот работен од експерти од Франција. Секако, искуствата и проекциите на носечките компании од областа на туризмот.

Почитувани,

Овој законодавен дом, а пред се предлагачите, во натамошната постапка треба да ја разубедат јавноста и сите скептици дека целта односно фокусот на овој проект не се парите, собирани, редистрибуција, туку како што стои во образложението поинтензивен развој и негова промоција во Македонија и надвор од неа. Се наведува уште и застапување на стопанските интереси на правните и физички лица, директно и индиректно вклучени во угостителската и туристичка дејност, заштитата на животната средина, културно-историските споменици, природните убавини.

Исто така, економскиот развој на единиците на локалната самоуправа,ова последново, почитувани колеги, барем на трибината на која учествував во Охрид беше особено нагласено и директно беше посочено дека претставниците на локалната власт во Охрид, Предлогот на законот директно го доживуваат како суспензија на децентрализацијата и наведуваат одделни членови од Законот за локална самоуправа во тој контекст, што се во спротивност со него.

Впрочем и Владата, во своето “пишман мислење” што вчера го добивме, покрај целосната “дополнителна доработка” бара и дополнителни консултации со општините. Не треба да го апострофирам местото означењето на Охрид. Еве, ќе речам и локалната самоуправа на Охрид. За да разберат господата другари дека не ги критикувам по дефиниција, туку за конкретни слабости, како што и ќе ги подржувам и афирмирам за конкретни потреби.

Ако е тоа така, најмалку што треба да направи предлагачот е во јавната расправа максимално да ги вклучи единиците на локалната самоуправа, нивната асоцијација ЗЕЛС, а можеби и да побара стручно мислење, експертиза од европските институции. Мислам на Советот на Европа, односно оделни сегменти во неговата архитектура што најдиректно ги тангира локалната самоуправа.

Почитувани колеги,

Денеска, на сите демократи им е јасно дека без локална самоуправа нема демократија, нема развој. На сите европјани, во чие друштво сакаме да бидеме им е јасно дека без децентрализација нема модерна Европа. Од 70-тите години па наваму, незапирлив е бранот на децентрализацијата, што е своевидна локална ренесанса, а што кулминираше со донесувањето на Повелбата за локална самоуправа во 1985 година, како Магна карта на локалната демократија. Значи, нема демократија без развој на локалната самоуправа.

Но, да се вратам на темата подиректно. Во локалните самоуправи, на пример, во Охрид, веќе постојат институции чија надлежност треба да ја преземат туристичките заедници: туристички друштва, туристички инспектори и т.н. Ќе треба многу усет, разбирање и отсуство на суета и наметливост за сето тоа да се синхронизира, односно да се избегне опасноста од такавиканото одвојување на капацитети. Инаку, ќе испадне дека иста басма ткаеме на неколку разбои.

Од локалните самоуправи се директни во укажувањето дека новата институција во форма на туристичка заедница не може да ја собира туристичката такса, ниту да ги меша ингеренциите во контролата преку инспекциите. Не само поради неспоивост.

Што ако по овој пример сега тргнат еснафски да се здружуваат туристичките агенции или вработените во други дејности, на пример градежниците, велат во локалната самоуправа?

Од друга страна, ако целта на предлагачот е веќе цитираниот став застапување на стопанските интереси на правните и физички лица, дирекно или индиректно вклучени во туристичката угостителска дејност, тогаш што на ова ќе речат во коморското организирање. Такво застапување веќе има таму и како тоа ќе биде усогласено?

Еве, уште еден, и уште два субјекти чие релевантно миселње треба да се слушне во натамошната фаза.

И, кога сум кај таксата, за да не земам збор одделно за тој закон, експертите ќе кажат дека туристичката такса не е данок туку фиксна давачка. Нејзината функција е, велат, рамномерен развој на целата држава.

И, сега ќе скратам, затоа штонемаме време. Јавната расправа во чија функција е и денешната дебата, треба да ги изнајде модусите на разграничување на компетенциите со државните институции, па и самото Министерство за економија, под чиј чадор ќе биде една заедница како здружение на граѓани, невладина. Како тогаш ќе свират на ист кавал и на иста фрекфенција владиниот естаблишмент и владината активност или активитет?

Стручњаците, посебно експертите под туристичкото право, што се предава како предмет на Факултетот во Охрид, укажуваат на феноменот на хибрид или правна неспоивост. Се судруваат или треба да се усогласат и компетенциите со локалната власт. На примеер, основањето на туристичките заедници и свикувањето на нивните собранија треба да оди изведба на советите на општините. Колку што ги слушнав претставниците на Охридската локална самоуправа,немаше некој преголем ентузијазам за такво нешто во сегашната констелација на односите. Дури мислат дека е речиси сигурно дека ќе дојде до судир и отпор во имплементација на овој закон.

Во членот 22 се пропишува “задолжителни членови на туристичката заедница”. Експертите предупредуваат дека тешко едно здружение на граѓани, за какви се продаваат туристичките заедници би можеле да дефинираат задолжително членство. Со ваквата кодификација се нарушува принципот на доброволноста.

Секако, останува прашањето како со едно здружение на граѓани ќе командува една валст, на пример Министерството за економија?

Укажување има и за одлучувањето во органите на заедниците. Во допустот некој по принципот на поголемо акционерство да може да влече поголеми права во одлучувањето, може да доведе до мајроизација, предупредуваат добрите познавачи на оваа материја. Верувам дека предлагачот ќе има разбирање и за овој аспект.

Сосема за крај, за уште некои конкретни контрадикторности. Во образложението одредницата “финансиски средства” стои дека за спроведување на овој закон не се потребни финансиски средства од републичкиот, односно буџетите на локалните самоуправи. Владата не мисли така. Би било сосема во ред за едно граѓанско здружение.

Меѓутоа, во третиот став на членот 42 стои дека туристичката заедница своите приходи ќе ги остварува од Буџетот на општината, Градот Скопје, Република Македонија, на што веќе укажа Владата.

Како и да е, штом веќе ја отвориме дебатата и ни следи јавна дебата, времето од два месеци, предлагачот да ги отстрани сите нелогичности, д аодговори на многу дилеми, да ги усогласи своите ставови со сите повикани институции, секако и со очекувањата на јавноста. Во прв ред, својот педлог да го стави на увид на стручната и научна јавност. Веќе реков ЗЕЛС, локлалните самоуправи, исто така се незаобиколниот партнер Стопанската комора, Здружението на коморите и во овој дел, невладиниот сектор, но тука не спаѓаат ХОТЕМ, АТАМ и другите асоцијации, за што Цветко веќе кажа за тоа нешто. Веќе реков, Советот на Европа и т.н.

Со надеж дека барем со малку сум придонел во разработката на прашањето што денеска е предмет на наш непосреден интерес, односно во расчистувањето на дилемите настанати со постапката и со содржината на текстот, сакам да ви се заблагодарам и уште еднаш да кажам дека во оваа фаза ние не можеме да го подржиме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилајана Поповска:** Нели би требале да гласаме за мало продолжување, господине претседателе, бидејки е 18,00 часот, според Деловникот?

**Љубиша Георгиевски:** Не доцна е да гласаме за продолжување. Меѓутоа, репликата и контра репликата ќе ги завршиме, бидјеки тие немаат смисла утре. А, говорниците кои се пријавени ќе ги нотираме за кога ќе дојдат на ред.

**Лилјана Поповска:** Благодарам претседателе.

Му благодарам на колегата Веле Митаноски за добронамерните сугестии и укажувања. Секако дека во следна фаза би ги вклучила и инстанците од надвор и Европската комисија. Впрочем, во една прилика сме дискутирале, сме го претставиле овој концепт и пред претставникот на Европската комисија господинот Фујере и начелно добивме подршка од него за концептот. Се разбира, тој немаше време да го разгледува. Би било лошо да се шпекулира дека тој го анализирал и ги подржувал сите членови.

Инаку, јас морам да кажам неколку работи. Беше спомната сугестија за одење на трибини. Јас токму така и го направив со колегите од Комисијата за туризам на ДОМ. Одевме, бевме и во Битола, во Охрид, во Штип, во Скопје и врз многу други места на помали и поголеми трибини. Интересна работа е дека токму во Охрид, во градот каде што би требало, според овој закон, да биде седиштето на туристичката заедница, се создаде еден интересен комплот со негативна конотација кон овој закон. Навистина не можам да сфатам зошто така, меѓутоа локалната самоуправа, заедно со двајцата инспектори во неа беа на чело на една негативна кампања да нема здружување на туристичките работници. Па дури и на трибина што требаше да биде за туристичките работници, тие не беа повикани и беа спречени д аучествуваат. Интересна работа,

меѓутоа тоа е работа за некои социолошки анализи, веројатно.

Инаку, јас сум била од секогаш поборник уште и во минатиот состав за тоа да се гледа предлогот , а не предлагачот и да ги надминуваме своите партиски етнички, верски и билокакви разлики, затоа што ако има некој логичен предлог, добро е да се предложи, а не е важно кој го предлага. За жал, сеуште сме во процес на развој на демократската мисла и свест и сеуште, по некогаш, се случува по некоја лична сујета или партиска сујета да се попречи на патот на едно отворено примање на предлозите на некој кој е, можеби, од друга групација, друга партија илидруг табор. Но, да се надеваме, јас верувам дека таквата пракса ќе ја надминеме. Мислам дека Македонија е на добар пат.

Само би кажала уште нешто пред да ми заврши времето.

На таа спомнувана трибина во Охрид, неколку пати се спомна еден аргумент зошто не може да се повикуваме на закон од Хрватска. Еве, гледам, повторно од двајцата мои колеги се спомна. Меѓутоа, почитувани колеги, таму се спомнуваше дека не можеме да се споредуваме со Хрватска затоа што Хрватска имала море, а ние немаме. Затоа што Хрватска имала жупании, а ние немаме. Простете почитувани колеги, но суштината на Законот за еснавско здужување на туристичките работници не лежи во тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Веле Митаноски се јави за контра реплика со својата минута. Повелете.

**Веле Митаноски:** Благодарам претседателе.

Немав намера да се јавам ако колешката Лилјана во вториот дел не кажеше дека треба да се гледа предлогот, а не предлагачот. Јас, навистина го гледам предлогот, а не предлагачот. Кога е во прашање предлагачот, јас дури јавнос ум напишал и сум ја истакнал иницијативноста, работливоста, посветеноста на нашата колешка и т.н. Исто така, не го правам тоа од партиски разлики, ниту од лична и партиска суета.

Бидејки и мене ме спомна во делот на преводот, јас кажав дека проблемот не е во рес- салијата, туку во применливоста. Сега, ако сакаме да одиме до крај, јас ќе кажам дека во законот се е исто, само нив, жупаниите ги нема. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам драги колеги.

Овде денеска ја завршуваме денешната работа.

Што се однесува до продолжението на оваа седница ќе бидете известени отпосле. Инаку, во понеделник продолжуваме во 11,00 часот според програмата.

(Седницата со работа прекина во 18,05 часот)